**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА**

***ООУ „КОЧО РАЦИН“ КУМАНОВО, КУМАНОВО***

**ЗА ПЕРИОД ОД 2022 ДО 2026 ГОДИНА**



***ЈУНИ, 2022 ГОДИНА***

## Преамбула

Оваа Развојна програма за работа на Училиштето е донесена врз основа на ***Законот за основно образование (*** Службен весник на РСМ, бр. 161/19), односно

***Член 49***

*(1) Основното училиште изготвува* ***Развојна програма*** *за работа.*

*(2) Со* ***Развојната програма*** *се планираат целите и визијата за развој на училиштето во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции.*

И врз основа на ***Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште,*** бр.18-6579/1 од 6.07.2020 година, односно:

***Член 1***

*Со овој правилник се утврдува формата и содржината на* ***Развојната*** *и годишната - програма за работа на основното училиште.*

***Член 2***

***Развојната програма*** *за работа на основното училиште претставува документ со кој се планираат мисијата и визијата, приоритетните подрачја за развој на основното училиште, како и начинот на следење и евалуација на развојната програма за работа на основното училиште за период од четири години, со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето.*

**Содржина**

**Вовед**

***1. Податоци за основното училиште***

1.1. Идентификациони податоци за училиштето
1.2. Историјат на основното училиште
1.3. Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите Училишта

***2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште***

2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка
2.2. Работен стаж на вработените
2.3. Простор
2.4. Опрема и наставни средства
2.5. Материјално-финансиско работење на училиште

***3. Подрачје на работа на основното училиште, наставен план и наставна програма***

***4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години***

4.1. Самоевалуација на основното училиште (интерна)
4.2. Интегрална евалуација на основното училиште (екстерна)

***5. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа)***

***6. Мисија и визија на основното училиште***

***7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период***

***8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите***

## Вовед

Реализација на воспитно – образовната дејност во основното образование е сложен процес врз основа на кој суштинско влијание имаат повеќе чинители: наставниците, вработените во стручната служба, родителите, потесното и поширокото опкружување. Сепак, денес во општествени услови на интензивни и динамични промени, повеќе од било кога порано, нагласена е потребата од квалитетно планирање во училиштето. Оваа Развојна програма е во насока кон систематизирање на сите стратешки определби на дејствување на Училиштето во наредниот четиригодишен период, како интегрален дел од годишните програми во наредниот перид и развојната програма за работа на директорот.

Во текот на учебната 2021/22 година е спроведена самоевалуација на работата на Училиштето за период 2020 -2022 година за проценка на квалитетот на работата во сите подрачја на делување. Во месец ноември 2021 година е спроведена интегрална евалуација на Училиштето од старана Државен просветен инспекторат. Интегралната евалуација на Училиштето беше спроведена во период 22 до 24.11.2021 година. До период на изготвување на Развојната програма (втора половина на м. јуни), не е добиен Извештај за спроведената интегрална евалуација за работата на Училиштето.

Развојната програма се заснова на: Закон за основно образование, Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, Стратегија за образование 2018-2025, Концепт за развивање на систем на образование од далечина, Концепција за воннаставни активности во основното образование, Концепцијата за инклузија на деца со посебни потреби во основното образование, Концепција за државно тестирање во основното образование, Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта и други закони, подзаконски и интерни акти, Наставни планови и програми, Годишни програми за работа на основното училиште, Годишни извештаи за работа на основното училиште од претходните четири години.

1. **Податоци за Училиштето**

1.1. Идентификациони податоци за Училиштето

| **Податоци** | |
|---|---|
| Име на Училиштето | ООУ „Кочо Рацин" Куманово |
| Адреса | ул. „Никшиќка" бб, Куманово |
| Телефон | 031 416 501 |
| Место, општина | Куманово, Куманово |
| Веб – страна | www.ooukocoracinku.edu.mk |
| Е – маил | oukocoracin05@yahoo.com |
| Ден на Училиштето | 27 мај |
| Внатрешна површина на Училиштето | 4710 м2 |
| Училишен двор | 15.069 м2 |
| Подрачни училишта во состав на Училиштето, место | ПУ с. Орашац; ПУ с. Доброшане; ПУ с. Биљановце; ПУ с. Кучкарево; ПУ с. Градиште; ПУ с. Габреш |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 1600 -1650 |
| Број на училници | 23 |
| Број на паралелки | 62 |
| Број на ученици | 1247 |
| Јазик на кој се реализира наставата | македонски јазик |
| Во Училиштето има/нема паралелки за ученици со посебни образовни потреби | нема |
| Број на смени во кои се реализира наставата во Училиштето | 2 (две) |
| Во Училиштето има/нема паралелки од музичко училиште | нема |
| Во Училиштето има/нема ресурсен центар | нема |
| Други идентификациони податоци карактеристични за Училиштето | Стаус Еко -училште – два пати Сребрено знаме<br>Сертификат за општествена одговорност IASS 2020-22<br>Сертификат за квалитет IASS 2019<br>Сертификат за квалитет IASS 2021-23<br>Две Ноемвриски награди на град Куманово |

1.2. **Историјат на Училиштето**

Почетоците на воспитно-образовната и педагошката дејност на ООУ „Кочо Рацин'' се во 1945 година. Тоа е едно од првите основни училишта на мајчин македонскио јазик во слободно Куманово.

Првите ученици во матична книга биле запишани на 01.01.2045 година, а со работа започнало на 17.01.1945 година во зградата на денешното ООУ„Крсте Мисирков''. Во учебна 1956/57 година Училиштето својата дејност ја обавува во сегашната зграда на Гимназијата „Гоце Делчев''. Во учебната 1983/84 година добива

нов училишен современ објект во населбата „Гоце Делчев'', со што го менува реонот. Тогаш централното училиште добива и две подрачни училишта, во с. Добрашане и с. Биљановце. Бројот на паралелките станува 45 со 1323 ученици. Во 2021 година Основното училиште „Кирил и Методиј'' од с. Орашац се припојува кон училиште ,,Кочо Рацин'' со што се добиваат уште 5 подрачни училишта.

Училиштето е со статус на јавна установа чија основна дејност е воспитание и образование на деца, ученици од 1 до 9 одделение, со развиеност од 5 ти степен, 120 вработени, околу 1300 ученици, едно ЦУ и 6 подрачни училишта: ПУ. с. Добрашане, ПУ с. Биљановце, ПУ с. Орашац, ПУ с. Кучкарево, ПУ с. Градиште и ПУ с. Габреш

Централното училиште е современа зграда со околу 10 000 $м^2$ дворно место и вкупно 4220 м $^2$ покривен простор во кој спаѓаат и фискултурната сала со колку 500 $м^2$. Во дворот на Училиштето се наоѓаат едно големо асфалтирано игралиште за ракомет со бетонски трибини за околу 80 navivачи и две помали игралишта наменети за учениците од одделенска настава. Целиот двор е со зелени површини со голем број на садници.

Во текот на своето постоење неколку пати е реновирано, заменети дел од столарија, кровна реконструкција, реконструкција на подрачни училишта и друго.

Училиштео има два пати добиено награда за најуреден училишен објект и дворно место меѓу работните организации во градот. Два пати е добитник на Ноемвриска награда на град Куманово за постигнати високи резултати во воспитно – образовниот процес.

Училиштето континуирано се развива и учествува на голем број натпревари, конкурси и манифестации. Соработува и учествува во разни настани и активности со здруженија и институции во градот и пошироко. Се одликувало, а и денес се одликува со голем ентузијазам и желба за високи резултати од страна на вработените, како и со мотивирани ученици. Учениците добиваат солидни и трајни знаења и имаат реални и солидни постигања на општинско, регионално, државно и светско ниво како и во понатамошното школување. Со гордост можеме да кажеме дека наши поранешни ученици сега се видни граѓани во нашава Држава и надвор од неа.

Училиштето има своја химна, лого, веб страна и е-маил адреса, а за своите активности низ текот на годината континуирано ја известува пошироката заедница и преку facebook профилот, локалните медиуми и други социјални мрежи и веб-страни поврзани со образование.

ООУ ,,Кочо Рацин'' за прв пат е верифицирано за воспитно – образовна дејност со акт за врификација УП бр.29385 од 1945 од Собрание на Оштина Куманово и со акт бр. 10 – 1031/3 од 1995 година од Министерство за образование и физичка култура.

1.3. Специфики кои го карактеризираат Училиштето во однос на другите основни училишта

Централното училиште е лоцирано во населба „Гоце Делчев“ и опфаќа ученици од населбите „Бабин Дол“, „Вера Которка“ и Проевце. Во состав на училиштето се и 6 (шест) подрачни училишта во с. Орашац (деветгодишно училиште) и петтгодишни училишта во с. Биљановце, с. Доброшане, с. Габреш, с. Градиште и с. Кучкарево. Учениците од с. Биљановце и с. Доброшане, во предметна настава преминуваат во Централно училиште, додека учениците од с. Габреш, с. Градиште и с. Кучкарево во предметна настава преминуваат во ПУ с. Орашац. ПУ с. Орашац ги опфаќа и учениците од с. Скачковце, с. Косматац, с. Кокошиње, с. К’шање, с. Пезово и с. Павлешенце. Со тоа реонот на Училиштето се протега во должина од скоро 40 км со што спаѓаме во најразвиено училиште во Општината и регионот. Училиштето секогаш има доволен број на ученици, особено Централното училиште, при што бројот на учениците се движи од 1240 до 1300 ученици.

Зградата на Централно училиште е модерен објект, иако е изграден 1983 година. Истиот се наоѓа во мирен и непрометен дел од населбата „Гоце Делчев“ и има простран, хортикултурно уреден двор. Во склоп на Училиштето има спортска сала, ограден и осветлен отворен спортски терен со трибини, интерактивно игралиште, ограден паркинг простор со електронска рампа, летна градина.

Училиштето е солидно екипирано со стручни соработници. Наставниот кадар е стручен, со високи професионални компетенции. Во учебна 2020/21 год. наставник по македонски јазик напредуваше во звање наставник – ментор, а во учебна 2021/22 год. одделенски наставник беше прогласен за Едуино амбасадор. За истакнување се и активностите на училишниот хор на наставници „Рацинови“.

Наставниците и стручните соработници континуирано следат екстерни и интерни обуки, семинари, вебинари, конференции и други форми на стручно усовршување, често пати со самофинансирање, притоа продлабочувајќи ги и пренесувајќи ги сопствените знаења и искуства на Стручните активи во училиштето.

Училиштето промовира хуманост, инклузивност, интеркултурализам и други хумани вредности. Промоцијата на овие вредности се реализира преку наставни и воннаставни активности, а особено дојде до израз преку проектите:

„Едно сонце за сите“ реализиран во соработка со ЗГ „Порака наша“ и НРЦ, преку кој се промовираше хуманост, еднаквост, инклузивност;

„Сложувалка“ во соработка со здружението „Мобилност Куманово“ преку кој за учениците со телесен инвалидитет Училиштето преадаптираше два тоалети, еден во одделенска и еден во предметна настава и изгради пристапни патеки на два влеза од Училиштето, паркинг место и постави метална пристапна рампа;

„Даруваме радост“ преку кој се реализираа голем број хуманитарни собирни акции за помош на ученици од социјално загрозени семејства.

Со партнер училиште „Синав Колец“ од Анталија, Р. Турција, како и партнер училиштето ООУ „Наим Фрашери“ Куманово беа реализирани повеќе активности со цел промовирање, поттикнување и унапредување на мултикултурализам меѓуетничка интеграција.

Исто така Од учебната 2018/19 година Училиштето започна со реализација на Еразмус+ проекти КА229, при што досега има успешно реализирано два, а три проекти се во тек.

Особено сме горди на нашите ученици кои континуирано постигаат високи резултати на општински, регионални, државни натпревари и олимпијади. За истакнување се постигањата на учениците на меѓународно ниво од областа на

уметност, јазик и литература, кои неретко се единствени претставници на нашата држава.

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага Училиште

### 2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

| **Наставен кадар** | **Број на извршители** | | **Стручна подготовка** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **м-р** | **ВСС** | **ВШС** | **ССС** | **ОО** |
| | Одделенска настава | 38 | 1 | 32 | 5 | | |
| | Предметна настава | 50 | 4 | 43 | 3 | | |
| Раководен кадар | 1 | | | 1 | | | |
| Стручни соработници | 6 | | | 6 | | | |
| Административни службеници | 2 | | | 1 | | 1 | |
| Помошен и технички кадар | 21 | | | | | 8 | 13 |

### 2.2.Работен стаж на вработените

| Работен стаж | Број на вработени наставници во одделенска настава | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени администр. службеници | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 5 | 17 | 2 | 2 | 5 | |
| 10-20 години | 13 | 19 | 1 | | 6 | |
| 20-30 години | 13 | 11 | 1 | | 5 | |
| Повеќе од 30 години | 7 | 3 | 2 | | 5 | 1 |
| Вкупно | 38 | 50 | 6 | 2 | 21 | 1 |

2.3 Простор

2.3.1. Централно училиште

| Просторија | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 23 | 53 m2/<br>40 m2 | 3 | -проширување на 3 постоечки училници за 1 одд. кои не се по стандард<br>-промена на прозорци во 5 училници<br>-промена на врати, подови, електрична инсталација и осветлување во сите училници |
| Кабинети | 3 | -музички кабинет 54m2,<br>-кабинет по информатика 64m2,<br>-кабинет по природни науки<br>50 m2 | 2<br><br>/ | -промена на подови, прозорци, врати, електрична инсталација, осветлување во сите кабинети<br><br>-во тек е доопремување на кабинет |
| Библиотека | 1 | 38 m2 | 3 | - промена на врата, електрична исталација, осветлување, под<br>-инсаталирање на радијатори и приклучлување на централно греење |
| Медијатека | 1 | 45 m2 | 3 | -промена на врата, прозорец, под, електрична инсталација, осветлување |
| Спортска сала | 1 | 524м2 | 2 | -замена на азбестен кров на фискултурна сала, промена на под, прозорци, врати, елктрична инсталација, осветлување, замена на калорифери<br>-целосна санација на соблекувални и санитарни јазли<br>-замена на азбесни плочи и осветлување на приодот кон спортската сала |
| Канцеларии | 6 | 4x18 m2<br>1x55 m2<br>1x 38 м2 | 3 | -замена на прозорци, врати, електрична инсталација, осветлување, климатизација и мебел |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Тоалети | 14 | 14х25м2 | 2 | -целосна реконструкција |
| Училиштен двор | 1 | 15069 m2 | 3 | -партено преуредување на училишен двор<br>-изработка на нови метални порти на влезот од училиштето и на паркинг просторот<br>-санирање на канизациона мрежа во дворчиња за одделенска и предметна настава<br>-целосно осветлување на училишен двор и замена на постоечки канделабри |
| Кујна | 1 | 15 m2 | 3 | -замена на прозорци, врати, осветлување |
| Работилница | 1 | 32 m2 | 3 | -замена на прозорец, електрична инсталација и носветлување |
| Котлара | 1 | 60 m2 | 2 | -замена на прозорци, внатрешни врати, електрична инасталација, осветлување, електрична инасталација, осветлување<br>-целосна санација на тоалет |
| Кифлара | 1 | 16 m2 | 3 | -замена на прозорци, врати, под електрична инасталација, осветлување, инсталирање на радијатори |
| Приемница | 1 | 16 m2 | 3 | -замена на прозорци, врати, под електрична инасталација, осветлување |
| Помошни простории | 3 | 2х 5 m2<br>1х 31 m2 | 3 | -замена на прозорци, врати, под, електрична инасталација, осветлување |
| Ходници | 6 | | 1 | -замена на прозорци |

2.3.2. ПУ с. Орашац

| **Просторија** | **Вкупен број** | **Површина (m2)** | **Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година)** | **Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)** |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 7 | 54 m2 | 1 | -комплетна реконструкција на училници |
| Кабинети | 2 | 54 m2<br>25 m2 | 1 | -комплетна реконструкција на кабинети |
| Библиотека | 1 | 54 m2 | 1 | -комплетна реконструкција |
| Сала за манифестации | 1 | 108 m2 | 1 | -комплетна реконструкција |
| Канцеларии | 2 | 25 m2 | 2 | -комплетна реконструкција |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 16 m2 | | |
| Тоалети | 2 | 1x4 м2<br>1x12м2 | 2 | -целосна реконструкција |
| Спортско игралиште | 1 | 800 м2 | 2 | -санација на терен, поставување мрежа, осветлување и опремување |
| Училиштен двор | 1 | 15000 m2 | 2 | -партерно преуредување на училишен двор<br>-изработка на нови метални порти на влезот од училиштето<br>-замена на ограда на училишен двор<br>-целосно осветлување на училишен двор |
| Помошни простории | 6 | 32 m2<br>25 m2<br>4x 16 m2 | 1 | -комплетна реконструкција |
| Училишна зграда | 1 | | 3 | Комплетно реновирање на фасада, прозори |
| Училшен кров | 1 | | 2 | Целосна реконструкција |

2.3.3. ПУ с. Доброшане

| **Просторија** | **Вкупен број** | **Површина (m2)** | **Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година)** | **Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)** |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 5 | 2x40 m2<br>1x37 m2<br>2x48 m2 | 4 | -промена на столарија и санација на ѕидови |
| Кабинети | 1 | 21 m2 | 4 | -промена на столарија и санација на ѕидови |
| Просторија за заеднички престој | 1 | 60 m2 | 4 | -промена на столарија, санација на ѕидови и опремување |
| Канцеларии | 1 | 16 m2 | 4 | -промена на столарија, санација на ѕидови, климатизација и мебел |
| Тоалети | 3 | 3x8 м2 | 3 | -целосна реконструкција и поврзување со селска канализација |
| Училиштен двор | 1 | 6448м2 | 3 | -оградување на училишен двор, осветлување и опремување |
| Котлара | 1 | 36 m2 | 4 | / |
| Подрум | 1 | 24 m2 | 4 | / |

*Потребна е целосна реконструкција на училишната зграда поради оштетувања/пукнатини

2.3.4. ПУ с. Биљановце

| Просторија | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 2 | 35 m2 | 3 | -замена на греење, промена на под, врати, електрична инсталација, осветлување, санација на ѕидови и плафони |
| Канцеларии | 1 | 10 m2 | 2 | - замена на греење, промена на под, прозорци, врати, електрична инсталација, осветлување, санација на ѕидови и плафони |
| Тоалети | 1 | 1х10м2 | 3 | -замена на врати, прозорци |
| Училиштен двор | 1 | 6448 m2 | 2 | -оградување, осветлување, поставување на нова метална порта,санација на тротоари, адаптирање на дел во спортски терен |
| Помошни простории | 3 | 1х15 м2<br>2х 10 м2 | 1 | -пренамена во кабинети, целосна реконструкција и опремување |
| Дрвара | 1 | 16 m2 | 2 | -целосна санација |

*во завршна фаза е реконструкција на кров на училишната зграда

2.3.5. ПУ с. Градиште

| Просторија | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 1 | 35 m2 | 2 | -целосна реконструкција |
| Училиштен двор | 1 | 2221 m2 | 2 | -оградување, осветлување, поставување на нова метална порта, санација на тротоари, адаптирање на дел во спортски терен |
| Помошна просторија | 1 | 20 m2 | 2 | -целосна реконструкција |

* Поднесено барање за целосна реконструкција на училишната зграда

2.3.6. ПУ с. Кучкарево

| Просторија | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 2 | 1x48 m2<br>1x16 m2 | 2<br>2 | -целосна реконструкција на една (поголема) училнца |
| Канцеларии | 1 | 12 m2 | 2 | -целосна реконструкција |
| Училиштен двор | 1 | 481 m2 | 2 | -осветлување, поставување на нова метална порта, санација на тротоари |
| Дрвар | 1 | 24 m2 | 1 | -целосна реконструкција |

2.3.7. ПУ с. Габреш

| Просторија | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 1 | 22 m2 | 2 | -целосна реконструкција |
| Училиштен двор | 1 | 100m2 | 2 | -обезбедување пристап до училиште, оградување, осветлување, адаптирање на дел во спортски терен |
| Помошна просторија | 1 | 34 m2 | 1 | -целосна реконструкција |

2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“

2.4.1. Централно и подрачни училишта

| Наставен предмет | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| Македонски јазик | -лектири по нова програма (секој нов наслов по 5 примероци), толковен речник, лексикони, стручна литература | -дополнување на лектири по нова програма (секој наслов по 5 примероци), цд плеер (1)<br>-нови изданија на речник на македонскиот литературен јазик<br>-нови изданија на правопис на македонски литературен јазик |

| | | |
|---|---|---|
| | | -вежбанка со тестови за сите одделенија<br>-прирачник по граматика за сите одделенија |
| Математика | -линијар (2), триаголник (4), шестар (2), агломери (2) геометриски тела (1 комплет) | -сет од геометриски прибор (5), комплет геометриски тела (4) пластика и (2) мрежа |
| Англиски јазик | -цд плеер (2), прирачна литература | -постер пак (3), цд плеер (3), флеш карти (3) |
| Географија | -карта на РСМ (3), карта на свет (2), карта на Европа (1), карта од Северна Америка (1), карта од Африка, глобус (1) | -карти на Азија (2), карта на Јужна Америка (2), карта на Австралија (2) |
| Историја | / | -историски карти (2)<br>-историски атлас (2) |
| Физика | -звучна вулишка (1), динамометар (1)<br>-нагледни средства за изведување на кабинетска настава (листата е дадена во прилог) | |
| Хемија | -епрувети (20), сталци за епрувети (4), шишиња за експерименти (5), хемикалии, чаши (6), PH ленти, шпиртна ламба (1)<br>-нагледни средства за изведување на кабинетска настава (листата е дадена во прилог) | |
| Биологија | -модел на човек (1), модел на вилица (1), модел на цвет праска (1), модел на череп (1), модел на мозок (1), модел на скелет (1) комплети магнети делови на човек (2), енциклопедии за градба на човеково тело и растенија, постери и слики, еко пакети<br>-нагледни средства за изведување на кабинетска настава (листата е дадена во прилог) | |
| Информатика | 2 кабинети по информатика со вкупно 21 работни места (од 2010 г.), 1 ЛЦД телевизор, 1 ЛЦД проектор, смарт табла | -нови компјутери<br>-лаптопи |
| ФЗО | -разбој машки и женски (1), греда висока (1), греда ниска (2), коњ (2), мал јарац (1), голем јарац (1), вратила (2), отскочна даска (1), шведски сандак (1), пинг понг табли (4), високи душеци (2), мали душеци (11), одбојкарски топки (4), ракометни топки (6), | -карике (1), слуби за моторика на нозе (1), препонице (1), ракометни стативи за сала (2)<br>-голови за ракомет и фудбал (4)<br>-топки за кошарка, ракомет, фудбал и одбојка<br>-душеци, кошеви, маркери<br>-пилатес топки |

| | | |
|---|---|---|
| | фудбалски топки (4), кошаркарски топки (6), медицинки топки (8) гумени медицинки (5), јажиња (4), мрежа за одбојка (1), кош (6), маркери (10), морнарски скали (2), орбитрек (2), шаховски табли (10), тениски рекети (4), бадмитон (2), голови (4), рипстоли, | -пречки<br>-балансер топки<br>-мини кпшеви<br>-хулахоп<br>-хоризонтална скала<br>-конуси<br>-стапки<br>-јажиња за скокање<br>-ѓуле |
| Германски јазик | / | -лаптоп<br>-звучници<br>-кабинет<br>-смарт табла<br>-ЦД плеер |
| ТО | -сообраќаен полигон (1), сообраќајни знаци, постери со сообраќајни знаци | -алати за работа по ТО (1 комплет) |
| Италијански јазик | / | ЦД плеер (1) |
| Музичко образ. | -пијанино (1), ЦД плеер (1) | -звучници за компјутер (екстерни)<br>-синтисајзер (1)<br>-ново пијанино (1)<br>-детски музички инструменти (ксилофони, металофони, мелодика, клавес, маракас, звончиња) |
| Граѓанско образование | / | -лаптоп (1)<br>-прожектор (1)<br>-смарт табла (1) |
| ККЕЦ | / | -карта на античка Хелада и Рим<br>-лаптоп |
| Ликовно образ. | -штафелаи (10), сталак за поставување (1) | -гипсани модели (5) |
| **Одделенска настава** | -линијар (1), библиотека на тркала (40), лектири, карта на РСМ (1) | -сметалки (10), картички со месни вредности (10), постери со табела 100 (10), бројна низа (10), мерни единици(5), децимални броеви (5), дропки (5), таблица со множење и делење (5), релјефни карти на РСМ (5) |
| Македонски јазик за 1 и 4 одделение | | Предмети со геометриски и други форми од кои може да се состават буквите од македонската азбука и некои интерпункциски знаци; Еластични стапчиња за креирање правилни и неправилни дводимензионални форми; Глина, пластелин и алатки за нивно моделирање во разновидни |

| | | |
|---|---|---|
| | | тродимензионални форми; Песочни табли/кутии за цртање и пишување; Бело платно и светилка, разнобојни платна, штофови, конци, волници и друг материјал за кукли, марионети, костими и разни реквизити; Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите; Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки); Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници; Анимирани филмови, аудиовизуелни записи од театарски претстави, интернет образовни софтвери, други аудиовизуелни средства; Дигитална библиотека со книги |
| Математика за 1 и 4 одделение | | Табела стотка со броеви, бројни низи, карти со броеви, картички со зборови и поими, празни ленти и ненумерирани низи од хартија, лизгачки ленти со броеви, низи со броеви, сметалки, абакус (бројалка со дрвени топчиња), цртежи, картони со отпечатени симболи (< , > , =), тркало со броеви, графикон со месна вредност, математички плочки, картички со дропки и децимални броеви, тркало со броеви – пикадо, графикон со месна вредност, коцки со броеви, „ѕид“ со дропки, термометар; Комплет 2Д-форми и 3Д-форми (пластични, метални, магнетни, картонски); Дигитални игри, на пример, Домино, Не лути се човече; Манипулативни средства; Опрема за мерење на должина, тежина и течност; Линијари, сите видови триаголници, шестар |

| | | |
|---|---|---|
| Природни науки за 1 и 4 одделение | | Уреди за правење фотографии и уреди за слушање музика; Флипчарт (мала преносива табла на која може да се црта и пишува); Работни листови (според учебник/прирачник); Илустриран материјал за формата на Земјата, Земјини обвивки/сфери, релјеф и релјефни форми, време, метеоролошки инструменти, природни богатства, необновливи и обновливи извори на енергија; Географска карта на светот, глобус, нема карта на светот |
| Музичко за 1 и 4 одделение | | Детски ритмички инструменти - ксилофон, металофон, блок-флејта, шупелка, дудук, двојанка, тапани во различни големини, тропалки, ритмички стапчиња, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, триангл, маракас, дајре); дводимензионални отпечатоци – непроектирани (слики, фотографии, постери, илустрации); уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД И ДВД-плеер, хај-фај уред, LCD-проектор; клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички инструменти; Жичени инструменти: мандолина, прим, укулеле, гитара, тамбура. |
| Ликовно образование за 1 и 4 одделение | | Аудиовизуелни средства (телевизор, ДВД-плеер, ЛЦД-проектор, касетофон, дигитален фотоапарат, дигитална камера, печатач или други дигитални уреди); Интернет, образовни софтвери; Штафелаи, платна за сликање и бои за сликање; Средства за печатење (матрица, графички лист – отпечаток, картон-печат и др.); Средства за дизајн и визуелни комуникации (фотографија, спот, реклама, илустрација, корица, интернет, стрип, визуелен знак). |

| | | |
|---|---|---|
| Физичко и здравствено образование за 1 и 4 одделение | | Обрачи, гумени и дрвени палки, јажиња, ниски и високи чуневи – маркери за подлога, чуневи, конусни маркери, морнарски скали за подлога, координациски скали; Ниски кошеви и ниска одбојкарска мрежа; Гимнастички душеци, атлетски душек, школски стартни блокови; Помали и поголеми топки, тениски топчиња и топки за спортски игри; Медицинки од 1 kg и 3 kg, Обрачи, јажиња, ниски и високи чуневи – маркери за подлога, конусни маркери; Ниски справи од спортска гимнастика; Шведски сандак, рипстоли, шведска клупа, лежечки морнарски скали, ниска греда, мал „јарец“, отскочна даска, морнарски скали, шведски скали, висечки јажиња, јаже за влечење; Ниски кошеви, мали и големи ракометни голови и ниска одбојкарска мрежа; Штоперица, сантиметарска пантлика, вага со висинометар. |
| Општество за 1 и 4 одделение | | Фотографии/илустрации за месеците во годината; Сложувалки или илустрации со ликови на човечки лица со различни емоции; Играчки за поддршка на содржините/активностите (градинарски алат, прибор за лична хигиена и хигиена во домот, мебел, коцки за конструирање); Реквизити: семафор, знакот стоп, униформи, стетоскоп, докторски прибори и други играчки од ваков вид; Аудио- или видеоматеријал со снимени звукови (сирени) од полициско, амбулантно или возило од пожарна |
| Историја и општество за 4 одделение | | Илустративен приказ на знамето и грбот на Република Северна Македонија; Физичко-географска карта на Република Северна Македонија (размер 1 : 50 000) и нема карта на |

| | | |
|---|---|---|
| | | Република Северна Македонија; Сложувалки со слики од општината и симболи на општината; Визуелни прикази за реализација на содржините и активностите поврзани со Република Северна Македонија како мултикултурно/мултиетничко општество |
| Техничко образование за 4 одд | | Компјутери и проектор; Алат (ножички, скалпел), прибор и материјал за работа (молив, гума, линијар, триаголници, шестар, брусна хартија); Дидактички и други визуелни средства: слики, слајдови, модели, макети и др |

2.5. Материјално – финансиско работење на Училиштето

Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Потребите од нагледни средства се согледуваат преку барањата на стручните активи, а истите се планираат во развојната програма на Училиштето.

Од пописната листа се согледува моменталната состојба на материјално/техничките потреби и средства. Опременоста со наставни наставни средства и помагала придонесува за зголемување на акивноста на учениците, подигање на квалитетот на наставата и реализирање на наставните програми.

Училиштето во текот на годината изготвува финансиски план за своите сметки според кој однапред се планираат средствата за потребите на училиштето. Навремено ги планира и обезбедува материјално финансиските средства преку наменската сметка 903 и сопствената сметка 787 како и постоечките капитални средства, инфраструктура, компјутерска опрема, ситен инвентар и други материјални средства.

Финансиските средства за редовното работење на училиштето и за обезбедување на основни услови за работа се одобруваат од централниот буџет. Висината на овие средства се определуваат според критериумите: број на ученици, број на паралелки, квадратура и бројот на смени на училиштето. Финансиските средства потребни за редовно работење училиштето ги планира со годишниот предлог - финансиски план. Усогласување на висината на средствата, како и видот на намената се врши на ниво на буџетот на Општината, кој е пак лимитиран од Централниот буџет за фискалната година. И покрај тоа што изработениот и доставен финансов план од страна на Училиштето

содржи приоритети тесно поврзани со образовните цели за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрувањата на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина истиот рестириктивно се одобрува од страна на основачот.

Училиштето распоредените средства за материјални трошоци ги троши рационално и наменски. Училиштето ги планира приоритетите за подобрување на материјално - техничките услови за учење и работа во склад со реалните можности. За да се обезбедат дополнителни средства за поставените приоритети за подобрување на условите за работа и унапредување на воспитно-образовниотпроцес, училиштето планира средства од дополнителни извори на финансии со аплицирање во разни проекти, при што може да се обезбедат донации од домашни или странски организации;
- Во соработка со Советот на родители, реализира разни дополнителни активности (хепенинг и друго).

Преку донации и донаторски сметки се обезбедуват средства за обновување на материјално техничките средства, училишен инвентар и друго. Училиштето има воспоставено соработка со Локалната самоуправа и бизнис заедница во однос на подобрување на инфраструктурата.

Во изминативе период во училиштето е направена значителна промена како во училишната зграда, завршена целосна реконструкција на кровот на училиштето, како и доуредување и оплеменување на училишниот двор, реновирање и доопремување на спортските и детските игралишта во училишниот двор. Континуирано се следи состојбата на објектот и се обезбедуваат средства за негово одржување. Инфраструктурата на училиштето ги задоволува потребите, но се работи на обезбедување на средства за одржување

Доколку има потреба, планот за јавни набавки се остварува преку постапки утврдени со Законот за јавни набавки. Се применуваат Правилници и Закон за финансиско работење на училиштето како и тендерските постапки.

Буџетските приоритети не се секогаш поврзани со приоритетите на образовните цели на Училиштето, а исто така не предвидуваат финансиски средства за меѓуетничка интеграција, а истите се обезбедуваат преку аплицирање и реализирање на проекти. Приоритетите на ученичката заедница не се предвидени во буџетот, но истите се обезбедуваат тековно.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има донесено пишан документ во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределувањето на финансиските средства.

Одобрениот буџет во најголема мерка се користи за приоритети кои се поврзани со тековно одржување – комунални услуги, греење, комуникација, превоз на ученици, хигиена. Средства од сметките се користат наменски според одобрен план за финанасирање.

Училишниот одбор редовно добива извештај за финансиски активности и финансиска состојба на училиштето и редовно го следи трошењето на буџетот.

Предлог – финансов план го разгледува Училишен одбор и истиот го предлага до основачот.

Средствата од сопствените приходи се користат за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на целокупните услови за работа на Училиштето.

**3. Подрачје на работа на основното училиште – наставен план, проширена програма и друга воспитно – образовна работа**

| Подрачје на работа за кое училиштето е верификувано | Наставен план и програми | Основано од Министерство за образование и наука | Година на верификација | Сегашен број на одделенија и паралелки |
|---|---|---|---|---|
| Основно образование (општо образование) | Национална програма | 10-1031/3 | 1995 год. | 9/62 |

ПРЕГЛЕД НА БРОЈОТ НА УЧЕНИЦИ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗРАБОТКА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМАТА

Централно училиште

| Одделенска настава | Број паралелки | Машки | Женски | Вкупно ученици |
|---|---|---|---|---|
| I | 5 | 55 | 63 | 118 |
| II | 5 | 65 | 63 | 128 |
| III | 5 | 64 | 63 | 127 |
| IV | 5 | 58 | 53 | 111 |
| V | 5 | 55 | 50 | 105 |
| I-V | 25 | 297 | 292 | 589 |
| Предметна настава | Број паралелки | Машки | Женски | Вкупно ученици |
| VI | 5 | 72 | 49 | 121 |
| VII | 5 | 72 | 72 | 144 |
| VIII | 5 | 68 | 72 | 140 |
| IX | 5 | 62 | 61 | 123 |
| VI-IX | 20 | 274 | 254 | 528 |
| I-IX | 45 | 571 | 546 | 1117 |

ПУ с. Орашац

| Одделенска настава | Број паралелки | Машки | Женски | Вкупно ученици |
|---|---|---|---|---|
| I, II, III | 1 | 6 | 2 | 8 |
| IV, V | 1 | 2 | 4 | 6 |
| I-V | 2 | 8 | 6 | 14 |
| Предметна настава | Број паралелки | Машки | Женски | Вкупно ученици |
| VI | 1 | 3 | 2 | 5 |
| VII | 1 | 2 | 1 | 3 |
| VIII | 1 | 6 | 1 | 7 |
| IX | 1 | 2 | 6 | 8 |
| VI-IX | 4 | 13 | 10 | 23 |
| I-IX | 6 | 21 | 16 | 37 |

ПУ с. Доброшане

| Одделенска настава | Број паралелки | Машки | Женски | Вкупно ученици |
|---|---|---|---|---|
| I | 1 | 2 | 6 | 8 |
| II | 1 | 5 | 7 | 12 |
| III | 1 | 6 | 4 | 10 |
| IV | 1 | 3 | 5 | 8 |
| V | 1 | 6 | 3 | 9 |
| I-V | 5 | 22 | 25 | 47 |

ПУ с. Биљановце

| Одделенска настава | Број паралелки | Машки | Женски | Вкупно ученици |
|---|---|---|---|---|
| I, II, III комб. паралелка | 1 | 3 | 9 | 12 |
| IV, V комб. паралелка | 1 | 5 | 3 | 8 |
| I-V | 2 | 8 | 12 | 20 |

ПУ с. Кучкарево

| Одделенска настава | Број паралелки | Машки | Женски | Вкупно ученици |
|---|---|---|---|---|
| II комб. паралелка | 1 | 1 | 2 | 3 |
| IV, V комб. паралелка | 1 | 3 | 0 | 3 |
| I-V | 2 | 4 | 2 | 6 |

ПУ с. Габреш

| Одделенска настава | Број паралелки | Машки | Женски | Вкупно ученици |
|---|---|---|---|---|
| III комбинирана паралелка | 1 | 1 | 1 | 2 |

ПУ с. Градиште

| Одделенска настава | Број паралелки | Машки | Женски | Вкупно ученици |
|---|---|---|---|---|
| I, III, IV, V комбинирана паралелка | 1 | 3 | 5 | 8 |

ПРЕГЛЕД НА БРОЈОТ НА УЧЕНИЦИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 4 ГОДИНИ

| Учебна година | Број паралелки | Одделенска настава | Предметна настава | Вкупно ученици |
|---|---|---|---|---|
| 2018/2019 | 62 | 713 | 551 | 1265 |
| 2019/2020 | 62 | 702 | 563 | 1265 |
| 2020/2021 | 62 | 700 | 569 | 1269 |
| 2021/2022 | 62 | 686 | 551 | 1237 |

## 4. Евалуација на работата на Училиштето во претходните четири години

### 4.1 Самоевалуација на Училиштето

| Подрачје | Резултати |
|---|---|
| Наставни планови и програми | Училиштето применува наставни планови и програми кои се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем, и се следи визијата - училиштето да реализира современа, ефикасна и квалитетна настава во 21 век со постигање максимален развој и едукација на учениците и наставниците, но барањата се прилагодуваат според способностите на учениците.<br>Од учебна 2021/22 г. во I и IV одделение наставата се реализира според новата Концепција за основно образование. Наставниците го прилагодуваа начинот на реализација на програмите преку користење на разни методи и техники во наставата, компјутерска технологија или користење на лична креативност. |

| | |
|---|---|
| | Наставниот кадар кој работи во подрачните училишта во комбинирани паралелки наидува на потешкотии во реализација на НПП од прво до петто одделение, бидејќи наставата се изведува во две, три и повеќе одделенија одеднаш, а особено во одделенијата во кои се реализира новата Коцепција.<br>Учениците со ПОП се детектираат при запишување во прво одделение од страна на стручната служба и во текот на школувањето, и од страна на наставниците кои нивните постигања, тековно ги следат и бележат. На овие ученици им се пружа еднаква можност во учењето и создавање на емоцинална клима на прифатеност од другите ученици. Училиштето има инклузивен тим и инклузивен тим за секој ученик, за кои се води досие. Со тимовите раководи дефектологот. Тимовите изработуваат ИОП -и за секој ученик, според кои наставниците ја релизираат програмата. Преку ресурсниот центар се обезбедија 5 образовни асистенти за ученици проценети според МКФ.<br>Наставниците во годишните и тематско-процесни планирања ги интегрираат карктеристиките и потребите на локалната средина со содржини од наставните предмети.<br>Воннаставните активности претставуваат интегрално мошне значајно подрачје во севкупната ВОР. Не се прави разлика во вклучувањето на учениците во однос на полот, етничката припадност, социјалниот статус, како и нивните можности и способности. Во истите, учениците се вклучуваат по сопствен избор. Учениците своите постигања од воннаставните активности ги афирмираат преку учество на натпревари на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво, каде ги претставуваат личните постигања, а воедно го афирмираат и училиштето. Постигањата се промовираат и преку медиуми (локални и државни), социјални мрежи, ученичко катче. Дел од воннаставните активните се реализираат во соработка со повеќе невладини организации, здруженија на граѓани, збратимени или партнер училишта на локално, држзвно и меѓународно ниво и преку *Еразмис + проекти.* |
| Постигнувања на учениците | Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност по сите наставни предмети по класификациони периоди и по учебни години. Училиштето промовира уверување дека учениците без разлика на етничка и верска припадност и економскиот и социјалниот статус покажуваат резултати според своите можности и способности. |

| | |
|---|---|
| | Промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат. Врз основа на увидот во актуелните постигања на учениците, училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата. Училиштето ги детектира и им дава поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.<br>Училиштето го следи успехот на учениците од деветто одделение на полугодие и истите ученици на полугодие во прва годнина средно образование.<br>Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици, има воспоставен систем за прибирање на податоци за опфатот на ученици при преминот од основно во средно образование.<br>Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничка припадност и социјалното потекло), ги анализира причините за отсуство од наставата (и оправдано и неоправдано) и навреме презема конкретни активности што обезбедува зголемување на редовноста. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу два извештајни периоди е меѓу 0,30 – 0,52 на ученик. Училиштето го следи намалувањето на бројот на ученици (според полот и етничката припадност), ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа, родителите и граѓанските организации, навреме презема конкретни активности за да го спречи намалувањето (осипувањето). Во последна година се бележи намалување на бројот на учениците и тоа во најголем дел поради заминување во странство на семејствата.<br>Ученици кои отсуствуваат подолг временски период, односно не посетиле повеќе од 30% од наставата остануваат неоценети и се упатуваат на полагање на одделенски испит на крајот од наставната година.<br>Во последните последните четири години нема ученици кои го повторуваат одделението. |
| Учење и настава | Наставниците секоја година изготвуваат годишни, тематско-процесни, неделни, дневни подготовки/сценарија за час што ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот за задолжителните и за изборните предмети. Целите на наставата, очекуваните резултати од учењето и начинот на оценувањето се јасно утврдени во планирањата, а наставниците ги користат |

| | |
|---|---|
| | информациииите од оценувањето за да ги детектираат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето. Наставниците планираат дополнителна, додатна наставна, вонnаставни активности и слободни ученички активности. Изготвуваат долгорочни, среднорочни и индивидуални планови за деца со ПОП, во зависност од нивните способности, со внесување на диференцирани активности во дневните планирања. Стручната служба дава целосна поддршка на наставниците при изработка на планирањата како и при изготвување на ИОП за деца со посебни образовни потреби.<br>Наставниците користат различни методи на интеракција со учениците, различни ресурси и приоди во наставниот процес и не се ограничуваат исклучиво на одобрените учебници и дополнителната литература, особено со реализација на новата Коцепција во прво и четврто одделение во учебната 2021/22 година. Задачите што се работат дома или на училиште се добро испланирани со различно тежинско ниво за да одговараат на можностите и способностите на учениците.<br>Наставниците се однесуваат кон учениците на начин кој промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба и се проактивни во создавање на клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди, во однос на културните разлики, способности, физички хендикеп или интелектуална попреченост.<br>При спроведување на активностите на часот, наставниците ги охрабруваат учениците да работат со сопствено темпо, самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци. Учениците имаат можност да го искажат своето мислење притоа почитувајќи го мислењето на другите. Учениците иницираат активности и превземаат различни одговорности во и вон наставата, особено преку работата на Ученичкиот парламент, проекти и слободни ученички активности. Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите.<br>При оценувањето се почитуваат индивидуалните разлики и способности на учениците.<br>Најголем број наставници користат различни инструменти и методи за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците преку |

| | |
|---|---|
| | УПИ, ППИ, самооценување, меѓусобно/взаемно оценување, чек листи, тестови со изготвени задачи по нивоа, евидентни листови, аналитички и холистички листи, бодовна скала, наставни ливчиња и ученичко портфолио. Со ова се овозможува учениците да го постигнат својот максимум.<br>Сите наставници редовно им даваат повратна информација на учениците за нивниот работа, дискутираат за нивниот напредок и постигања.<br>Родителите имаат можност редовно да бидат информирани за успехот на нивните деца преку индивидуални контакти со одделенскиот раководител, предметните наставници и по потреба со стручната служба, на родителските состаноци и Советот на родители како и преку пристап до Е-дневник. |
| Поддршка на учениците | Училишниот простор е безбеден за изведување на настава.<br>Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставуваат потенцијална опасност за учениците. Сите овие места во училиштето се посебно означени и учениците се свесни за нивното присуство и се соодветно информирани за можните опасности.<br>Голем дел од родителите сметаат дека вработените се грижат за безбедноста и здравјето на учениците и дека училиштето во целина нуди потполно безбедни услови за нивните деца.<br>Дел од столчињата се заменети со нови, додека сите плотни на клупите во соработка со родителите се обновени и се во задоволителна состојба. Кровната конструкција на училиштето е целосно сменета. Се прави целосна обнова на училишната зграда во ПУ Биљановце.<br>Постои интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди со шеми за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди. Има обучени наставници со вештини за давање прва помош на ученици и вработени при несреќен случај. Поголем дел од вработените имаат посетено и *Обука за заштита при работа*.<br>Училиштето има програми и протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство. Има донесено *Правилник за користење на мобилни телефони* во соработка со Совет на родители. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето.<br>Демократкото партиципирање на учениците и заштита и промовирање на детските права е зајакнато со работата на Ученик правобранител и неговите заменици. |

| | |
|---|---|
| | Голем дел од учениците се согласуваат дека се води грижа за нивната безбедност, здравје и среќа во училиштето и дека кога имаат проблем на училиште, наставниот кадар и другите вработени знаат како да им помогнат.<br>Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост<br>Родителите сметаат дека децата со потешкотии се добро прифатени во училиштето.<br>За професионална информација и ориентација организира сопствени активности и користи промотивни материјали од образованите институции (флаери, брошури, презентации и посети на средни училишта), како и посети на отворени денови на средните училишта. Во училиштето се применуваат прашалници за утврдување на професионалните интереси на учениците<br>Наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик |
| Училишна клима | За време на пандемија со Ковид -19, Училиштето ги има усогласено и доследно ги применуваше: Кодекс на однесување на сите структури во училиштето (Кодекс за ученици, родители и наставници како и кодекс за ученици кои следат настава од далечина), Кодекс на однесување со ИКТ технолгија, ЕКО Кодекс, Куќен ред, Правилник за користење на мобилни телефони во училиштето, истакнати на видни места во Училиштето и објавени на веб страна на Училиштето.<br>Од спроведените анкети повеќето родители се согласуваат дека училиштето навреме презема мерки кога наставниците или учениците се однесуваат несоодветно.<br>Училиштето води политика на взаемно почитување и вклученост на сите што учествуваат во училишниот живот. Постои професионална соработка помеѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето на позитивна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето.<br>Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште) според законите и потполно демократска процедура која учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. |

| | |
|---|---|
| | Формиран е ученички парламент, кој во реализација на својата програма добива поддршка од училиштето (менторска, логистичка, материјална итн.).<br>Училиштето се истакнува според постигањата на учениците во повеќе наставни и вонnаставни подрачја.<br>Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и во исто време инсистира на исполнување на обврските кои се имплементирани на часовите на одделенска заедница. Запознавање на учениците со детските права е интензивирана преку обуки за Ученик правобранител и негови заменици. Училиштето презема активности за да ги запознае родителите со правата на децата.<br>Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно взаемно прифаќање.<br>Училиштето е секогаш отворено за соработка со родителите и користи ефективни методи за комуникација со родителите. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во Училишен одбор.<br>Училиштето активно е вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти и активности. |
| Ресурси | Наставата се одвива во Централното училиште и 6 (шест) подрачни училишта. Централното училиште и подрачното училиште во с. Доброшане се ралативно нови училишни згради и постојат пријатни просторни услови за одвивање на ВОР и за организирање на воннаставни активности. Училишниот простор во сите училишта (освен ПУ с. Габреш) ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот.<br>Има пристапна рампа и влез за ученици со телесен инвалидитет до училниците од првиот кат од одделенска и предметна настава. На овој дел се направи и соодветна преадаптација на два тоалети.<br>Извршена е целосна реконструкција на кровот на училишната зграда и обновена настрешница над главниот влез.<br>Училиштето не располага доволно со разновидна стручна литература и наставни средства и помагала согласно нормативите по сите наставни предмети, како и со асистивна технологија. Училиштето ги утврдува потребите за наставните средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема и истите ги набавува согласно своите можности и приоритети.<br>Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, но нема доволно литература за |

| | |
|---|---|
| | унапредување на мултикултура. Електронски се води библиотечната евиденција. Со библиотеката е поврзана медијатека опремена со смарт телевизор, лап-топ, интернет и друга комуникациска опрема која е на располагање на наставниците и учениците.<br>Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал, но не во потребната количина за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот на училиштето, па затоа наставниците со свои средства копираат и обезбедуваат хартија и друг наставен материјал.<br>Училиштето има обезбедено потребен број наставници за реализирање на воспитно - образовниот процес. Во училиштето се ангажирани и образовни асистенти кои работат со категоризирани ученици, обезбедени од МОН.<br>Наставничкиот кадар е во согласност со нормативите.<br>Училиштето се придржува на Законот за основно образование за приправничкиот стаж.<br>Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи (14) и придонесуваат за ефективно работење на училиштето.<br>Училиштето има стручна служба која им помагаа на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и се секогаш отворени за соработка. Со вклучувае на дефектолог се подобрени постигањата на учениците што имаат потешкотии во учењето.<br>Сите наставници изработуваат ЛППР, врз основа на кои се изготвува програма за професионален развој.<br>Има добра пракса за дисеминирање на знаењето, јакнење на вештините и способностите на кадарот. Кадарот организира и учествува во интерни и екстерни обуки, и преку самофинансирање.<br>Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има донесено пишан документ во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределувањето на финансиските средства.<br>И покрај тоа што изработениот и доставен финансов план од страна на Училиштето содржи приоритети тесно поврзани со образовните цели за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрувањата на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина истиот рестириктивно се одобрува од страна на основачот. |

| | |
|---|---|
| Управување, раководење и креирање политики | УО како орган на управување е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето донесен согласно новиот Закон за основно образование.<br>УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган, Учествува во креирањето политики во Училиштето.<br>Во последните неколку години нема организирано обуки за членовите на УО.<br>Директорот како раководен орган, го води Училиштето во насока на трансформација и воведување иновации, со цел подобрување квалитетот на наставата и севкупното раководење на Училиштето. Тој континуирано и целосно ја следи, контролира и унапредува организацијата и реализација на воспитно-образовна работа и друга стручно - педагошка работа.<br>Директорот, објективно го оценува квалитетот на вработените и нивниот придонес во тимска работа, преку редовно следење на работата, посета на часови, извештаи, анализи, анкети. Практикува и поттикнува секојдневна соработка и комуникација со вработените, се' со цел наставниците редовно да се информирааат и полесно и постојано да комуницираат помеѓу себе и со директорот, преку електронска пошта, затворена група на социјална мрежа Facebook, а во пандемија Microsoft Teams и ZOOM. Организира состаноци секој понеделник, т.н. „понеделнички средби“.<br>Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план, преку ефективна самоевалуација и во центарот на своето работење, ги става постигањата на учениците, осовременување на наставната технологија, создавање креативна средина за настава и учење, следење на развојниот план, вклучување на наставниците и стручните соработници во развојните политики и промовирање добри училишни практики.<br>И покрај заложбата за реализирање активности за унупредување на мултикултурализам, меѓуетничка интеграција и толеранција со партнер училиштето, Училиштето не најде одзив од истото да се реализираат активностите. Директорот презеде иницијатива за потпишување на меморадум за соработка и со друго партнер училишта и истиот беше потпишан од наша страна, но не најде соодветен одговор од другата страна.<br>Целите на мисијата и визијата се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, ставајќи го акцентот на учењето и поучувањето. |

| | |
|---|---|
| | Има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми. Континуирано ги подобрува политиките во училиштето за намалување на насилството во училиштето, намалување на семејното насилство во соработка со Центар за социјални работи, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност, еколошко образование, меѓуетничка интеграција и др. Резултатите од развојното планирање се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени сите засегнати страни. |

4.2 Интегрална евалуација на Училиштето

***Забелешка***: Интегралната евалуација на Училиштето беше спроведена во период 22 до 24.11.2021 година. По насоки од Општина Куманово, годишните програми за работа на училиштата треба да се достават до 01.07.2022 година, поради преведување на јазици на заедниците. До период на изготвување на Развојната програма и Годишната програма за работа на Училиштето (втора половина на м. јуни), не е добиен Извештај за спроведената интегрална евалуација за работата на Училиштето. Податоците за поглавјето 4.2 ќе бидат приложени како Анекс на Развојната програма на Училиштето 2022 – 2026 година. СВОТ анализата е изготвена врз основа на спроведената самоевалуација на работата на Училиштето за период 2020 -2022 година.

**5. Фактори кои влијаат на развојот на Училиштето**

*Локални фактори кои влијаат на развојот на училиштето*

Центарлното училиште е лоцирано во населба „Зелен Рид“ и опфаќа ученици од населбите „Бабин Дол“, „Вера Которка“ и Проевце. Во состав на училиштето се и 6 (шест) подрачни училишта во с. Орашац (деветгодишно училиште) и петтгодишни училишта во с. Бињановце, с. Доброшане, с. Габреш, с. Градиште и с. Кучкарево. Учениците од с. Бињановце и с. Доброшане, во предметна настава преминуваат во Централно училиште, додека учениците од с. Габреш, с. Градиште и с. Кучкарево во предметна настава преминуваат во ПУ с. Орашац. И покрај голем број ученици во Централното училиште, во последни неколку години, се забележува намалување на истиот и тоа воглавно поради иселување на семејствата во странство. Со изградба на новиот комплекс згради, бројката повторно започнува да расте. Во руралните средини, бројот на ученици е мал и варира од година во година. За сите ученици чие место на живеење е над 2 километри има организиран ученички превоз, но понекогаш истиот претставува и пречка за организирање на воннаставните активности.

Во непосредна близина на Централното училиште е детската градинка „Ангел Шајче“ (клон „Пчелка“ ), амбуланта, пошта.

Училиштето соработува со локалната заедница, со културно, образовни институции, невладини организации, здруженија на граѓани и е вклучено во реализирање на активности од локално ниво но и во активности кои ги организира државата, во реализирање на заеднички проекти и слично. Соработката со голем број установи позитивно влијае на подобрување на воспитно образовниот процес кај учениците. Локалната заедница учествува во подобрувањето на условите за работа што би придонеле за повисок квалитет во работењето. Близина на повеќе стопански организации е од големо значење за Училиштето, особено при реализирање на програмата за професонална ориентација на учениците.

Соработката особено е интензивна при одбележување на бројни празници, манифестации, Денот на училиштето, доделување награди на талетирани ученици и првенци на генерација, победници на спортски натпревари. Секоја година традиционално се организираат ликовни и литературни конкурси, спортски други натпревари за училиштата кои припаѓаат на нашата општина со што се зајакнува соработката и се создава позитивен натпреварувачки дух.

*Национални фактори кои влијаат на развојот на училиштето*

На национално ниво училиштето соработува со: МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, МТСП, МИО, Државен завод за статистика, Завод за ментално здравје на деца и младинци, ЈУ меѓуопштински центар за социјална работа, МВР, Музејот на холокаустот, Народниот правобранител, МКЦ, телевизиски и издавачкикуќи, радио и печатени медиуми.

Со новите измени во образовниот систем во Р. Македонија изготвен е стратешки документ Сеопфатна стратегија за образованието 2018/2025 со која се посочуваат одреден број на предизвици кои ќе влијаат на функционирањето на училиштто во наведниотпериод:
- Развивање и воведување на национален стандард за основно образование со јасно определени излезни резултати и со посебно внимание на инклузивноста, мултикултурализмот, почитувањето наразликите (во смисла на родот, етничката припадност, верата, јазикот, социјалниот статус, интелектуалните и физичките способности), правата на децата и демократска култура
- Ревидирање на наставниот план за сите одделенија и наставната програма, во согласност со Националниот стандард и негово постепено воведување
- Зајакнување на статусот и подобрување на содржината на изборните предмети и вонваставните активности според слободниот избор на учениците.
- Ревидирање на учебниците така што ќе одразуваат родова еднаквост, мултикултурализам, почитувањето на разликите и демократските вредности

- Приспособување на зградата на училиштето за ученици со физичка попреченост
- Подобрување на условите и капацитетите на училиштето за инклузивно образование за децата од маргинализираните групи-

- Воспоставување систем за наменско искористување на средствата од блок дотациите од страна на општините и училиштето за цели на инклузија
- Воведување механизам за финансиска поддршка на училиштето со цел спроведувањена активности за меѓуетничка интеграција
- Оптимизирање на бројот на ученици при формирање нови паралелки во прво одделение
- Изготвување на неопходни дидактички ресурси и нивно распределување на наставниот кадар
- Воспоставување систем за професионална ориентација
- Обуки на наставниците и стручните служби во согласност со професионалните стандарди
- Зајакнување на системот за поддршка, следење и менторство на наставниците приправници и специјалистите од стручните служби кои се приправници
- Развивање на нови институционализирани форми за зајакнување на компетенциите на наставниците кои доаѓаат од педагошките факултети, како и за стекнување на компетенции за предавање за оние профили кои завршиле студиски програми кои не биле наставни
- Примена на системот за напредување во кариерата во занимањето (наставник (стручен соработник)/наставник (стручен соработник) ментор/наставник (стручен соработник) советник
- Зајакнување на стручните служби во училиштето со сите неопходни профили
- Ревидирање на системот за издавање на лиценци на директорите. Концепцијата за воннаставни активности во основното образование утврдена од министерот во март 2020 г. укажува дека при планирањето, организирањето и спроведувањето воннаставни активности во училиштата треба да се има предвид дека нивната основна цел е да овозможат стекнување на занаењата, вештините и вредностите/ ставовите зацртани со Националните стандарди за основното образование, особено кога се работи заоние што не се покриени или не се доволно покриени со наставните активности. Притоа, посебен акцент сестава врз знаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следните подрачја за соодветниот возрасен циклус на учениците: Личен и социјален развој, Демократска култура, мултикултура и граѓанство, Уметничко изразување и култура и Претприемништво и финансиска писменост. При тоа да се водат од следните принципи: да придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниоти психомоторниот развој на учениците; да се инклузивни и недискриминативни; да се привлечни за повеќето ученици; да обезбедуваат активно учество научениците; да развиваат интеркултурни компетенции кај учениците; да ја поттикнуваат соработката на училиштето со родителите и со локалната заедница.
- Во јули 2020 г.предложен е Концепт за развивање на образование од далечина во основното и средното образование. Воспоставувањето на национална платформа како основа на системот на образование од далечина, платформата и сите нејзини функционалности ќе се користат во секојдневната работа на училиштата, во комбинирањето на редовната работасо е-содржини, во нудење на

различни извори и пристапи на учење, во проверувањето на постигнувањата на учениците, како и следењето и вреднувањето на образовниот процес

- Една од поставените цели во Стратегијата е интензивирање на примената на ИКТ во образованието преку воспоставување на портал за е-учење и систем за управување со учењето, континуирана обука на кадарот за користење на нови технологии и ИКТ алатки во образованието; градење на систем за обновување на копјутерската опрема и обезбедување на услови за ефикасно одржување на компјутерската опрема и компјутерските мрежи. Според тоа еден од приоритетите во Стратегијата е обезбедување широка употреба на ИКТ во образованието и обуката за дигитална писменост.
- Во јуни 2020 г. донесена е и Концепцијата за државно тестирање за подобрување на квалитетот и ефикасноста на образованието согласно современите светски образовни стандарди. Основна цел на државното тестирањее со користење стандардизирани процедури и инструменти, да даде објективни и веродостојни податоци за остварувањето на стандардите на постигањата на учениците за наставни подрачја и наставни предмети од особена важност во текот на основното образование. Рамките за оценување со кои ќе се мерат постигањата на учениците по мајчин јазик и по математика ќе се засноваат на државните наставни програми за соодветните одделенија. Распоредот предвидува за III одд предтестирање во 2021 г. а главно тестирање во 2022 г. (кое е спроведено и во нашето училиште); за V одд предтестирање во 2023 г., а главно тестирање во 2024 г.
- Со Концепцијата за инклузивно образование донесена од министерот во јули 2020 г., се дадени насоките за вклучување, развој и образование на учениците со посебни образовни потреби. Воспитно-образовниот процес потребно е да се заснова на модел на интервенции на повеќе нивоа, кој вклучува повеќе трансформации /интервенции на наставниот план и програми, наставните стратегии, активности и материјали, како и континуирано следење на процесот на спроведување на интервенциите, нанајмалку три нивоа на подршка на учењето: I ниво - општа подршка, II ниво - интензивирана подршка, III ниво посебна подршка.
- Во март 2021 г. донесена нова Концепција за основно образование која претставува основа за обезбедување квалитетно основно образование, кое очекува училиштето да ги оспособи децата да одговорат на барањата на животот во сегашноста и иднината, односно, да ги научи учениците да учат во натамошното образование и во животот воопшто. Со концепцијата се обезбедува суштинскиот предуслов за постигнување на оваа цел – наставата да се ориентира кон продлабочено и смислено учење базирано на критичко мислење и логичко заклучување

*Меѓународни фактори кои влијаат на развојот на училиштето*

Училиштето соработува со меѓународни институции во реализирање на заеднички проекти и активности кои позитивно влијаат на подобрување на воспитнообразовниот процес: УНИЦЕФ, УСАИД, ОБСЕ, Американска,

Норвешка амбасада, Амбасада на Руска федерација, BritishCouncil. Во последните години се актуелизираше и интензивираше работа на Еразмус + проекти.

СВОТ анализа

| Предности (силни страни) на Училиштето | Слабости (слаби страни) на Училиштето |
|---|---|
| • Целосна реализицаија на наставните планови и програми донесени од страна на МОН<br>• Редовно информирање на родителите за напредокот и постигањата на учениците<br>• Училиштето промовира родова еднаквост и рамноправност за сите ученици во вклучување во воннаставни активности<br>• Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, работат на проекти, учествуваат во различни манифестации, работилници и натпревари<br>• Учениците имаат можност да го кажат своето мислење и да учествуваат во давање предлози за подобрување на наставниот процес<br>• Училиштето располага со комплетни и систематизирани податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност.<br>• Училиштето го следи развојот и напредокот на учениците со посебни образовни потреби.<br>• Воспоставен механизам за откривање на надарените и талентираните ученици преку примена на прашалници за откривање на надарени и талентирани ученици наменети за ученици, наставници и родители и изготвена база на податоци<br>• Училиштето ги следи постигањата на успехот на учениците при премин во средно образование.<br>• Постои соработка помеѓу наставниците и учениците и од страна на наставниците се дава редовна усна и писмена повратна информација за напредокот и постигањата и потребите за нивно подобрување<br>• За реализација на наставата со учење од далечина директорот на училиштето обезбедил целосна покриеност со интернет конекција во сите простории во Централното училиштето | • Наставниците наидуваат на проблеми на наставните содржини обемноста на материјалот според Кембриџ програмата<br>• Дел од наставниците наидуваат на проблеми во соработка со родители на некои ученици кои се проблематични во однесувањето и остварување на индивидуални средби со нив<br>• Поради обемниот фонд на часовите и користење организиран ученички превоз се наидува на проблеми во реализација на воннаставните активности<br>• Идентификацијата на надарените и талентираните ученици оди отежнато поради тоа што Училиштето не располага со потребните психодијагностички инструменти<br>• ИКТ опремата не ги задоволува потребите за примена на ИКТ во подрачните училишта, како и реализација на настава од далечина<br>• Недоволно опремени училници со нагледни средства за примена на новата Концепција<br>• Недоволна подготвеност и обученост на наставниците за реализирање на настава во комбинирана пралелка<br>• Недостапни информации за безбедност на храната што ја конзумираат учениците надвор од училиштето<br>• Безбедносната состојба во подрачните училиште во с. Орашац, с. Градиште и с. Габреш е незадоволителна (скалите, подовите, плафоните, прозорците, бунарите се потенцијална опасност)<br>• Оштетени и небезбедни подови во училници |

| | |
|---|---|
| • Во училиштето постои евиденција за различни категории на ученици со ПОП<br>• Голем дел од родителите и од учениците сметаат дека училиштето води грижа за безбедноста на учениците<br>• Целосно заменета кровна конструкција во Централното училиште<br>• Поставена е рампа за влез на паркинг простор на училиштето заради безбедност на учениците<br>• Изградени пристапни патеки на два влеза на Училиштето и поставена рампа за лица со физичка попреченост<br>• Преадаптирани тоалети за ученици со физичка попреченост<br>• Целосно реконструирана училишната зграда во ПУ с. Биљановце<br>• Училиштето води грижа и им пружа поддршка на ученици со различни емоционални, социјални и здравствени потреби<br>• Уредена средина и пријатна атмосфера за работа и учење во училиштето и надвор од него<br>• Отвореност на училиштето за соработка на сите полиња<br>• Квалитетна промоција на училиштето<br>• Промовирање на лични постигања на учениците<br>• Промовирање на еднаквост и правичност<br>• Функционална Веб страна; страна на ООУ„Кочо Рацин“ на социјана мрежа Facebook; затворена група за наставници на ООУ„Кочо Рацин“ на истата социјална мрежа<br>• Квалитетен наставен кадар<br>• Современо централно училиште со соодветен простор за работа<br>• Добра соработка помеѓу стручната служба и вработените<br>• Одржување на училишната зграда и грижа за училишниот инвентар<br>• Подобрена е енергетската ефикасност и условите за работа во училиштето.<br>• Опременост на училници со смарт табли во одделенска настава и кабинет по информатика, и ЛЦД/смарт телевизори во предметна настава<br>• Ангажираност на образовни асистенти | • Нефункционални прозорци во ходници и канцеларии<br>• И покрај напорите на Училиштето, соработката за реализација на активности од меѓуетничка интеграција во образованието не е на задоволително ниво.<br>• Недоволно екипирани стручни соработници т.е. има потреба од уште еден дефектолог, педагог и социјален работник<br>• Дотраеност на училишната згради во ПУ. С. Орашац. с. Габреш, с. Градиште<br>• Неможност за изведување на кабинетска настава поради пренамена на кабинетите во училници<br>• Азбестен (и оштетен) кров на спортската сала во централно училиште<br>• Недостаток од материјални средства за реализација на поголеми инфраструктурни зафати<br>• Недостаток од материјални средства за стручно усовршување на вработените<br>• Недоволно материјални средства за одржување и набавка на нагледни средства и помагала и училишен инвентар |

| | |
|---|---|
| • Адаптација и опремување на нов кабинет по природни науки<br>• УО има воспоставено партнерски и транспарентен однос со раководниот орган, Советот на родители, стручната служба, наставниците и други заинтересирани страни<br>• Раководниот орган има јасни приоритети со акцент на постигањата на учениците и подобрувањето на условите училиштето<br>• За училишната политика се информирани сите релевантни субјекти<br>• Училиштето ги идентификува потребите за професионален развој и стручно усоврување на кадарот<br>• Училиштето е добро раководено<br>• Најголем дел од наставниците сметаат дека имаат можност да учествуваат во процесот на донесување на одлуки | |
| Можности (прилики) што произлегуваат од работата на Училиштето | Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето на Училиштето |
| • Соработка со основни училишта надвор од нашата држава и други образовни институции во земјата<br>• Зајакнување и помош од страна на локалната заедница и бизнис секторот при реализирање на некои воннаставни активности<br>• Едукација на родителите за важноста на нивното присуство и вклученост во активностите на училиштето<br>• Подобрување на квалитетот на образовниот процес за учениците со ПОП, преку опремување на сензорна соба и соодветни нагледни средста и помагала<br>• Насоченост на училиштето и наставниците кон максимално користење на постојната опрема и нагледни средства, и настојување за изнаоѓање начини за постојано доопремување, како и доекипирање на училиштето со потребниот кадар<br>• Зајакнати дигитални компетенции на наставниците | • Постојните практики и начини на организирање на процесите на изработување на наставни програми, во кои се вклучени многу мал број наставници од праксата, како и родители<br>• Зголемен број на ученици со посебни образовни потреби а сеуште недоволно изграден систем за нивна инклузија во редовниот воспитно образовен процес<br>• Слаба финансиска состојба на општината, родителите и бизнис секторот<br>• Продолжувањето на кратењето на буџетот за училиштето<br>• Недоволно материјални средства и извори за обезбедување на стручна литература и наставни средства кои ќе соодветствуваат со современите наставни текови и постојните потреби на наставата и воспитно образовниот процес<br>• Немање доволно просторни можности на училиштето |

| | |
|---|---|
| • Солидна професионална подготвеност на наставниот кадар за имплементација на новините во ВОП<br>• Училиштето настојува постојано да ја унапредува и подобрува училишната клима и соработката со родителите и учениците во надминување на емоционалните проблеми на учениците | • Двосменско работење (немање доволен прстор за поусешна реализација на воннаставните активости) и користење на организиран ученички превоз<br>• Варирање на бројот на учениците поради иселување на семејствата, надвор од државата (емиграција)<br>• Незаинтересираност на родителите за соработка што може да доведе до слаби резултати на учениците во образовниот процес<br>• Игнорирање на родителите на поканите од страна на училиштето особено на родителите на оние ученици кои покажуваат слаб успех<br>• Затвореност и неподготвеност на родителите за соработка и навремено откривање и решавање на емоционалните проблеми на учениците<br>• Намален интерес на партнер училиште ООУ „Наим Фрашери“ Куманово за соработка поради оптовареноста на оваа училиште со голем број партнер училишта<br>• Неможноста на училиштето да обезбеди финансиски средства потребни за обуки, посета на конференции, студиски посети и сл. на наставниците<br>• Опаѓање на финансиската моќ на бизнис заедницата за поддршка и придонес во подобрување на условите за работа |

## 6. *Мисија на Училиштето*

Флексибилна, ефективна и отворена средина – тоа е нашето училиште.Тука се поттикнува творечкиот дух, креативноста, спознавањето и почитувањето на себе и другите.Градиме доверба помеѓу учениците, наставниците и родителите, со посебен акцент на поттикнување љубопитност, со цел подобрување на научните постигања.Креираме безбедна средина во која секој ученик ќе може да ги манифестира и промовира своите културни вредности и потреби и тогаш кога се различни од

културните вредности и потреби на другите.Промовираме одговорност, еднаквост и успешност, и на тоа се гордееме

***Визија на Училиштето***

Училиште кое се стреми кон современа образовна технологија и стручно оспособен кадар, кој ќе обезбеди поквалитетна настава, компатибилна со европското образование. Воспитуваме личности подготвени да се справат со животните предизвици и да бидат одговорни граѓани на мултикултурното општество. Градиме свест за унапредување на алтернативните можности за заштита на биодиверзитетот.

**7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на Училиштето во период 2022 -2026 година**

Стратешките цели и приоритетните подрачја за развој на училиште во четриригодишниот период се одредуваат согласно:
- резултатите од интерните и екстерните евалуации и СВОТ анализата
- ресурсите што се на располагање на училиштето потребни за нивно остварување(финансиски, материјални и човечки)

- потребите на учениците, специфичностите на училиштето и
- силните страни на училиштето

**Стратешка цел 1. Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и реализирање на наставата**

- **Развојна цел 1.1. Опремување на Училиштето со нагледни средства за поуспешна реализација на НПП**
- **Развојна цел 1.2. Опремување на Училиштето со ИКТ опрема и асистивна технологија**
- **Развојна цел 1.3. Имплементација на новата Концепција за основно образование**

**Стратешка цел 2. Подобрување на инфраструктура**

- **Развојна цел 2.1. Зголемување и подобрување на безбедноста и условите за работа во Училиштето**

**Стратешка цел 3. Зајакнување на професионални компетенции на наставниот кадар и стручната служба**

- **Развојна цел 3.1. Идентификување на потребите од професионален развој**
- **Развојна цел 3.2. Поставување приоротети за професионален развој**
- **Развојна цел 3.3. Развој на Планот за професионален развој, имплементирање и мониторинг**

| **Приоритетно подрачје** | **Учење и настава** |
|---|---|

**<u>Стратешка цел 1.</u> Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и реализирање на наставата**

**Развојна цел 1.1. Опремување на Училиштето со нагледни средства за поуспешна реализација на НПП**

**Конкретна цел 1.1.1. Да се утврди постоечка состојба и потреби на Училиштето за нагледни средства**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| - Попис на постоечки нагледни средства на ниво на стручни активи<br>- Изготвување на листа на приоритетни нагледни средства на ниво на стручни активи<br>- Информирање на директорот, Совет на родители и Училишниот одбор за потребите од нагледни средства | Пополнети пописни листи<br><br>Изготвени приоритетни листи | Стручни активи | На почеток на секоја учебна година | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир | Директор |

**Конкретна цел 1.1.2. Да се изработат нагледни средства**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| - Изработка на нагледни средства на ниво на стручни активи<br>- Работилници со ученици за изработка на нагледни средства<br>-Работилници со родители за изработка на нагледни средства | Изработени нагледни средства | Стручни активи<br>Родители<br>ученици | континуирано | НПП<br>Материјали за изработка на нагледни средства | Стручни активи<br>Директор<br>Совет на родители |

**Конкретна цел 1.1.3. Да се обезбедат финансиски средства и набавка на нагледни средства**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| -Доставување Барање до МОН<br>- Доставување Барање до донатори | | Директор | | Хартија, пенкала, | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - Самофинансирачки активности на Училиштето<br>-Соработка со родители<br>-Остварување на контакти со фирми добавувачи<br>- Прибирање на понуди<br>-Избирање на најповолна понуда<br>-Набавка на нагледни средства<br>-Распределување по стручни активи | Обезбедени финансиски средства | Стручни активи<br>Родители<br>Ученици<br>Комисија за јавни набавки<br>МОН<br>ЕЛС | континуирано | компјутер, печатач, фотокопир, телефон | Директор, секретар, сметководител |
| **Конкретна цел 1.1.4. Да се менаџира со просторни услови и нагледни средства** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| -Изготвување на распоред за користење на кабинет по природни науки<br>-Планирање на активности за примена | Оптимална искористеност на кабинет и нагледни средства | Стручни активи | Континуирано | Хартија<br>пенкала<br>компјутер<br>распоред на часови<br>тематски планирања | Директор<br>Стручна служба |
| **Конкретна цел 1.1.5. Редовно и правилно користење и одржување на нагледните средства** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| -Определување на одговорно лице за одржување на нагледните средства/наставни средства и помагала<br>-Редовна контрола на исправноста<br>- Вршење увид од директор и стручна служба за примената на нагледните средства/наставни средства и помагала | Увид<br>Извештаи<br>Фактура<br>Образец за посетен час/евалуација | Стручни активи<br>Домаќин<br>Стручни лица | Континуирано | Пописни листи<br>Чек листи | Директор<br>Стручна служба<br>Домаќин<br>наставници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -Навремено отстранување на евентуални дефекти. | | | | | |

**<u>Стратешка цел 1.</u> Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и реализирање на наставата**
**Развојна цел 1.2. Опремување на Училиштето со смарт телевизори, десктоп/лаптоп компјутери, смарт табли и асистивна технологија**

**Конкретна цел 1.2.1. Да се утврди постоечка состојба и потреби на Училиштето за смарт телевизори, десктоп/лаптоп компјутери, смарт табли и асистивна технологија**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| - Попис на постоечки нагледни средства на ниво на стручни активи<br>- Изготвување на листа на приоритетни нагледни средства на ниво на стручни активи<br>- Информирање на директорот, Совет на родители и Училишниот одбор за потребите од нагледни средства | Пополнети пописни листи<br><br>Изготвени приоритетни листи | Стручни активи | На почеток на секоја учебна година | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир | Директор |

**Конкретна цел 1.2.2. Да се обезбедат финансиски средства и набавка на смарт телевизори, десктоп/лаптоп компјутери, смарт табли и асистивна технологија**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| -Доставување Барање до МОН<br>- Доставување Барање до донатори<br>-Самофинансирачки активности на Училиштето<br>-Соработка со родители<br>-Остварување на контакти со фирми добавувачи | Обезбедени финансиски средства | Директор<br>Стручни активи<br>Родители<br>Ученици<br>Комисија за јавни набавки | континуирано | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир, телефон | Директор<br>Секретар<br>сметководител |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - Прибирање на понуди<br>-Избирање на најповолна понуда<br>-Набавка на нагледни средства<br>-Распределување по стручни активи | | МОН<br>ЕЛС | | | |
| **Конкретна цел 1.2.3. Редовно и правилно одржување на смарт телевизори, десктоп/лаптоп компјутери, смарт табли и асистивна технологија** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| -Определување на одговорно лице за одржување<br>-Редовна контрола на исправноста<br>- Вршење увид од директор и стручна служба за примена на смарт телевизори, десктоп/лаптоп компјутери, смарт табли и асистивна технологија<br>Навремено отстранување на евентуални дефекти | Увид<br>Извештаи<br>Фактура<br>Образец за посетен час/евалуација | Стручни активи<br>Домаќин<br>Стручни лица | континуирано | Пописни листи<br>Чек листи | Директор<br>Стручна служба<br>Домаќин<br>наставници |
| **<u>Стратешка цел 1.</u> Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и реализирање на наставата**<br><br>**Развојна цел 1.3. Имплементација на новата Концепција за основно образование** | | | | | |
| **Конкретна цел 1.3.1. Да се зајакнат компетенции на наставници за имплементирање на новата Концепција за основно образование** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| -Формирање на групи за обука<br>-Сукцесивно посетување на обуки<br>-Применување на сознанијата<br>-Дисеминација<br>-Поддршка од БРО | Сите наставници посетиле обука<br>Сертификат | МОН<br>БРО<br>акредитирани обучувачи | континуирано | НПП<br>Материјали за обука/<br>Дисеминација<br>простор | Тим за професионален развој |

| Конкретна цел 1.3.2. Да се изготват квалитетни програми за слободни изборни предмети | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| -Зајакнување на соработка помеѓу стручни активи на ниво на одделенија<br>-Стручно усовршување на наставници<br>-Соработка со БРО<br>-Соработка со наставници од други училишта<br>-Поддршка на наставници<br>-Изготвување на програми за СИП | Квалитетно изработени и одобрени од БРО програми за СИП | Стручни активи<br>Наставник-ментор<br>Стручни активи | континуирано | НПП<br>Концепција за основно образование<br>Водич за СИП | Стручни активи<br>Директор |

| Конкретна цел 1.3.3. Да се изготват квалитетни неделни планирања согласно новата Концепција за основно образование | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| -Зајакнување на соработка помеѓу стручни активи на ниво на одделенија<br>-Стручно усовршување на наставници<br>-Соработка со БРО<br>-Соработка со наставници од други училишта<br>-Поддршка на наставници<br>-Вклучување на родители во изработка на планирања<br>-Изготвување на неделни планирања | Изготвени неделни планирања согласно Концепција за основно образование<br>Вклучени родители | Стручни активи<br>родители<br>БРО | континуирано | НПП<br>Концепција за основно образование | Стручни активи<br>Директор<br>Стручна служба |

| **Приоритетно подрачје** | **Ресурси** |
|---|---|
| **<u>Стратешка цел 2</u>. Подобрување на инфраструктура**<br>**Развојна цел 2.1. Зголемување и подобрување на безбедноста и условите за работа во Училиштето** | |
| **Конкретна цел 2.1.1. Да се заменат дотраени прозорци во ходници и дел од подовите во училниците во Централно училиште** | |

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| -Утврдување на инвестиција<br>-Обезбедување на потребни средства/Барање до локална Самоуправа<br>-Аплицирање во Проекти<br>-Распишување на тендер и избирање на најповолна понуда<br>-спроведување на инфраструктурен зафат | зголемена енергетска ефикасност<br><br>подобрена безбедност<br><br>подобрен амбиентален изглед | Директор<br><br>Училишен одбор<br><br>Комисија за јавни набавки<br><br>Изведувач на работите<br><br>Технички персонал | 2022-2023 год. | Предмер-пресметка<br><br>Понуди<br><br>Договор за изведба | Директор<br><br>Училишен одбор |

**Конкретна цел 2.1.2. Да се заменат водоводни цевки и азбестен кров на училишната спортска сала во Централно училиште**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| -Утврдување на инвестиција<br>-Обезбедување на потребни средства/Барање до локална Самоуправа<br>-Аплицирање во Проекти<br>-Распишување на тендер и избирање на најповолна понуда<br>-спроведување на инфраструктурен зафат | Подобрена безбедност<br><br>Грижа за здравје на учениците и вработените | Директор<br><br>Училишен одбор<br><br>Локална самоуправа<br><br>Комисија за јавни набавки<br><br>Изведувач на работите<br><br>Технички персонал | 2022 -2026 год. | Предмер-пресметка<br><br>Проект<br><br>Понуди<br><br>Договор за изведба | Директор<br><br>Училишен одбор<br><br>Надзорен орган |

| Конкретна цел 2.1.3. Да се приклучи ПУ с. Доброшане на канализациона мрежа | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| -Утврдување на инвестиција<br>-Обезбедување на потребни средства/Барање до локална Самоуправа<br>-Аплицирање во Проекти<br>-Соработка со локална бизнис заедница<br>-Распишување на тендер и избирање на најповолна понуда<br>-спроведување на инфраструктурен зафат | Подобрени хигиенски услови<br><br>Заштеда на средства за одржување на септичка јама | Директор<br><br>Училишен одбор<br><br>Комисија за јавни набавки<br><br>Изведувач на работите<br><br>Технички персонал | 2022 год. | Понуди<br><br>Договор за изведба | Директор<br><br>Училишен одбор<br><br>Домаќин<br><br>Хаус мајстор |
| **Конкретна цел 2.1.4. Да се реконструира училишна зграда во ПУ с. Градиште** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| -Утврдување на инвестиција<br>-Обезбедување на потребни средства/Барање до локална Самоуправа<br>-Аплицирање во Проекти<br>-Распишување на тендер и избирање на најповолна понуда | подобрена безбедност<br><br>зголемена енергетска ефикасност<br><br>подобрен амбиентален изглед | Директор<br><br>Училишен одбор<br><br>Локална самоуправа<br><br>Комисија за јавни набавки<br><br>Изведувач на работите | 2022 -2023 год. | Предмер-пресметка<br><br>Проект<br><br>Понуди<br><br>Договор за изведба | Директор<br><br>Училишен одбор<br><br>Надзорен орган |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -спроведување на инфраструктурен зафат | | | | | |
| **Конкретна цел 2.1.5. Да се реконструира училишна зграда во ПУ с. Орашац** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| -Утврдување на инвестиција<br>-Обезбедување на потребни средства/Барање до локална Самоуправа<br>-Аплицирање во Проекти<br>-Распишување на тендер и избирање на најповолна понуда<br>-спроведување на инфраструктурен зафат | подобрена безбедност<br><br>зголемена енергетска ефикасност<br><br>подобрен амбиентален изглед | Директор<br><br>Училишен одбор<br><br>Локална самоуправа<br><br>Комисија за јавни набавки | 2023-2024 год. | Предмер-пресметка<br><br>Проект<br><br>Понуди<br><br>Договор за изведба | Директор<br><br>Училишен одбор<br><br>Надзорен орган |
| **Конкретна цел 2.1.6. Да се подобри училишниот ентериер со обнова и замена на дотраен училишен инвентар** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| -Утврдување на инвестиција<br>-Обезбедување на потребни средства/Барање до локална Самоуправа<br>-Аплицирање во Проекти<br>-Распишување на тендер и избирање на | Подобрени амбиентални услови и изглед<br><br>подобрена безбедност | Директор<br><br>Совет на родители<br><br>Училишен одбор<br><br>Комисија за јавни набавки | 2022 – 2026 год. | Пописна листа<br><br>Увид<br><br>Проценка<br><br>Понуди<br><br>Каталози | Директор<br>Училишен одбор<br>Домаќин<br>Хаус мајстор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| најповолна понуда<br>-спроведување на инфраструктурен зафат | | Домаќин<br><br>Хаус мајстор | | | |
| **Приоритетно подрачје** | **Управување, раководење и креирање политики** | | | | |
| **<u>Стратешка цел 3. Зајакнување на професионални компетенции на наставниот кадар и стручната служба</u>**<br><br>**Развојна цел 3.1. Идентификување на потребите од професионален развој** | | | | | |
| **Конкретна цел 3.1.1. Да се изврши самопроценка на професионалните компетенции на наставници/стручни соработници** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| -пополнување на скала за проценка на компетенции<br>-анализа на самопроценката<br>-изготвување на ЛППР | Реално проценети кометенци<br><br>Изготвен ЛППР | Наставници<br><br>Стручни соработници | Континуирано, м. јуни | Скала за проценка<br><br>обрасци | Стручни активи |
| **<u>Стратешка цел 3. Зајакнување на професионални компетенции на наставниот кадар и стручната служба</u>**<br><br>**Развојна цел 3.2. Поставување приоритети за професионален развој** | | | | | |
| **Конкретна цел 3.2.1. Да се испланира професионалниот развој на ниво на Училиште** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| -Анализа на изготвените ЛППР<br>-утврдување на училишни приоритети | Адекватнно избрани лични и училишни приоритети | Стручни активи<br><br>Тим за професинален развој | Континуирано, м. јуни | ЛППР<br><br>Записници/ Препораки од стручни активи | Тим за професинален развој |
| **Конкретна цел 3.2.2. Да се изготви училишна програма за професионален развој** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| -Разгледување на приоритети на стручни активи | Усогласени лични и училишни | Стручни активи | 2022 -2026 год. | Записници од стручни активи | Тим за професинален развој |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -Усогласување на потребите на наставници и стручни соработници со училишни приоритети<br>-Избирање теми за обука | прооритети со државните<br><br>Сооддветно избрани теми за обуки | Тим за професинален развој | | Каталог<br><br>Програма за обуки на натавници/ Стручни соработници | |
| **<u>Стратешка цел 3. Зајакнување на професионални компетенции на наставниот кадар и стручната служба</u>**<br><br>**Развојна цел 3.3. Развој на Планот за професионален развој, имплементирање и мониторинг** | | | | | |
| **Конкретна цел 3.3.1. Да се изработи план за спроведување на обуките** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| -Планирање време на реализација на обуки<br>- Планирање место на реализација на обуки | Изготвен план | Тим за професинален развој | 2022 – 2026 год. | Каталог<br><br>Финансиски средства<br><br>Простор<br>Опрема | Тим за професинален развој |
| **Конкретна цел 3.3.2. Да се имплементира Планот за професионален развој** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| -Обезбедување на средства за обуки<br>-избирање на акредитиран обучувач за реализирање на обуки<br>-Дисеминација | Обезбедени средства<br><br>Сертификати<br><br>Извршена дисеминација | МОН<br><br>Избран акредитиран обучувач<br><br>Наставници/ Стручни соработници | 2022 – 2026 год | Каталог<br>Финансиски средства<br>Програма за ПР<br>Лииста на присуство<br>Простор<br>Опрема | Тим за професинален развој |
| **Конкретна цел 3.3.3. Да се следат активностите за професионален развој** | | | | | |

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| -евидентирање и документирање на ЛППР<br>-извештај за реализација на професионален развој на ниво на стручни активи<br>-извештај за реализација на училишна програма за професионален развој | Изготвени ЛППР<br><br>Извештај од стручни активи<br><br>Извештај за реализација на УППР | Наставници/ Стручни соработници<br><br>Стручни активи<br><br>Тим за професинален развој | 2022-2026 год. | Професинално досие<br><br>Извештаи<br><br>Годишни програми | Тим за професинален развој |

## 8. Соработка на Училиштето со родителите/старателите

Соработката на училиштето со родителите и во наредниот период ќе се заснова на транспарентност, партнерска соработка и продуктивност со вклучување на родителите во животот и работата на училиштето. Советот на родитетли се формира од родителите на учениците за организирано остварување на интересите на учениците во нашето училиште. Во Советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка кој што го избираат родителите на првата општа родителска средба на паралелката. Советот на родители дава мислење за Годшната програма и Развојната програма на училиштето, расправа за Извештајот за работата на училиштето, предлага програми за подобрување на стандардите за наставата, дава согласност на предлозите на директорот за воведување на повисоки стандарди, избира претставници во Училишниот одбор на основното училиште и врши други работи утврдени со Статутот на училиштето. Советот на родители изготвува програма и преку нејзината реализација се овозможува родителите да учествуваат во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето. Родителите се вклучени во донесување на одлуки на ниво на паралелката и преку Советот на родители. Тие даваат идеи и предлози за реализација на одредени активности во училиштето. Во Училишниот одбор тројца од членовите се од редот на родителите. Тие исто така даваат активен придонес во работата на Училишниот одбор. Вклучени се во донесувањето на одлуки кои произлегуваат од програмата на Училишниот одбор. Родителите соработуваат со наставниците и другите субјекти во училиштето. Во текот на наставната година се организираат општи родителиски средби, отворени родителски средби и приемни денови за индивидуални средби (еднаш во неделата со истакнат распоред на огласната табла) и по потреба групни родителиски средби. Родителите усно и писмено континуирано се известуваат за сите активности во

училиштето, добиваат информации за редовноста, напредокот, постигањата и поведението на учениците. Семејствата добиваат информации за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, директорот, наставниот кадар, стручната служба и учениците. Преку конструктивната соработка со одделенскиот раководител/раководителот на паралелката и стручната служба, родителите навремено се информираат за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и заедночки се превземаат соодветни мерки за надминување на проблемите. Родителите имаат можност да дадат свој придонес во насока на унапредување на воспитнообразовната работа на училиштето. За поуспешна реализација на наставниот процес, по потреба ќе се вклучуваат и родители споделувајќи ги своите професионални знаења и искуства. Се планира родителите да учествуваат во организирање разни работилници, трибини и дебати. Семејствата може да помагаат при набавка на материјали во процесот на учење и при изработка на нагледни средства и помагала. Родителите ќе придонесат за поуспешно реализирање на разни воннаставни активности, преку учество во организирање на натпревари (превоз, поддршка), реализација на екскурзии (вклучени во комисии), проекти (поддршка), хуманитарни акции, хепенинзи, забави за учениците, работни акции и посета на институции. За поуспешна организација на најразлични манифестации, промоции и приредби се планира родителите да земаат активно учество во истите. Нашето училиште го спроведува проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ според кој се предвидува активно учество на родителите во работата и животот на училиштето преку заедничко организирање наставни часови и предавања со наставниците, учество во организирање и реализација на екскурзии и излети, преземање активности од спортски, културен, едукативен и забавен карактер. Целта на проектните активности е да се зајакне врската родител-наставник-ученик и да се унапреди воспитната компонента во воспитно - образовниот процес. Во почетокот на секоја учебната година училиштето изготвува информативна Брошура која што се доставува на родителите. Исто така, при запишувањето на децата во прво одделение, на родителите им се дава брошура со можностите што ги нуди нашето училиште.

## 9. Соработка на Училиштето со општината, институциите од областа на образованието, НВО и др.

Соработката на нашето училиште со локалната средина е од посебно значење со единствена цел училиштето што повеќе да се доближи до локалната средина, да се афирмира како културен и образовен центар и да се стават во педагошка функција сите ресурси што може да ги понуди локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето.

### *9.1. Соработка со локалната самоуправа - Општина Куманово*

Комуникацијата и соработката со локалната самоуправа Општина Куманово се остварува континуирано преку усна, пишана и електронска форма. Училиштето е

вклучено во реализирање на активности на заеднички проекти поддржани од локалната самоуправа. На свечената приредба за прием на првачињата секогаш се поканети претставници на локалната самоуправа. Нашите ученици со менторска поддршка од наставниците учествуваат на натпревари по различни наставни предмети на општинско ниво. Исто така, училиштето учествува на традиционалниот општински маскенбал „Батко Ѓорѓија“ кој се одржува во месец мај. Учениците активно учествуваат на ликовни и литературни конкурси организирани од Општина Куманово. Локалната самоуправа учествува во подобрувањето на условите за работа, а тоа ќе придонесе за повисок квалитет на целокупната воспитно – образовна дејност на нашето училиште. Преку соработката со Општината нашето училиште ги остварува следните задачи:

- искористување на стручни и материјални можности на локалната самоупарава за подобрување на квалитетот на воспитно - образовната дејност на училиштето
- организирање прослави на празници и јубилеи, хуманитарни и еколошки акции, културно - уметнички, образовни, спортски и други манифестации со другите училишта од општината и локалното население
- информирање на локалната самоуправа и пошириоката јавност за работата и резултатите што ги постигнува училиштето

*9.2. Соработка со институции од областа на образованието*

Соработката со институциите од областа на образованието е заснована на заедничките заложби за унапредување на воспитно – образовниот процес. Со институциите училиштето воспоставува најразлични форми на соработка: советодавна, консултативна и стручна помош. Соработката овозможува стручно усовршување на наставниот кадар, координирање на работата, размена на искуства на наставниот кадар, меѓуучилишни натпревари, професионално насочување на учениците, менторирање на студенти од факултетите, користење на стручна литература и друго. Нашето училиште има континуирана и плодна соработка со следниве институции од областа на образованието:

- Министерство за образование и наука (МОН)
- Биро за развој на образованието (БРО)
- Државен просветен инспекторат (ДПИ)
- Државен испитен центар (ДИЦ)
- ЕЛС – Сектор за основно образование
- Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА)
- Детска градинка „Ангел Шајче“
- Основни училишта во општината и државата
- Средни училишта од Општината и државата
- ОУРЦ „Иднина“ Скопје
- Факултети (Педагошки факултет Св. Климент Охридски, Природно – математички факултет, Филозофски факултет при УКИМ и други)

- Агенција за спорт и млади

*9.3. Соработка со институции од областа на културата*

За подигнување на културното живеење и развивање љубов кон уметноста ќе се реализираат посети на институции од културата. Исто така, задолжително ќе се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои учениците земаат активно учество под менторство на наставниците. Училиштето соработува со следниве институции и културни установи:

- Министерство за култура
- Кина и театри; - Музеи
- Дом на култура „Трајко Прокопиев“
- Градска Библиотека „Тане Георгиевски“
- Медиуми: ТВ и радио станици, издавачки куќи, весници и web портали.

*9.4. Соработка со невладини организации и здруженија*

Соработката на училиштето со невладините организации позитивно влијае на подобрување на целокупниот воспитно - образовнен процес на училиштето и успешна реализација на проектни активности. Училиштето соработува со следниве НВО и здруженија:

- ЗГ „Кумановски Акцијаши“
- Црвен Крст – Куманово
- Здружение Регионален центар за лица со интелектуална попреченост „Порака Наша“
- „Ротаракт клуб“ Куманово
- „Лајонес клуб“ Куманово
- „Мобилност Куманово“
- Здружението за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива“ Куманово
- Хуманитарно здружение „Мајка“ Куманово
- ЗГ „Доверба“ Куманово
- Сојуз за грижа и воспитување на децата на Куманово и на Република Северна Македонија
- Првата детска амбасада Меѓаши
- УСАИД
- УНИЦЕФ
- МЦГО
- УНДП
- Федерација за рекреативен спорт и Федераација за училишен спорт
- ПАКОМАК и ОХО
- Национален ромски центар Куманово
- Спортски друштва од Општина Куманово

*9.5. Соработка зо здравствени установи*

Заштитата и унапредувањето на здравјето на ученици е обврска на сите структури во училиштето, во непосредна соработка и поддршка од родителите, здравствените установи и поширокaта заедница. Тоа влијае на унапредување на здравјето и благосостојбата на сите, притшто ќе се негува здрав стил на живеење. Училиштето соработува со следниве установи:

- ЈЗУ Центар за јавно здравје Куманово
- Школски диспанзер Куманово
- Здравствен дом Куманово
- Амбуланта „Тоде Мендол“ Куманово
- ЈЗУ Завод за ментално здравје на деца и младинци „Младост”
- ЈЗУ Центарот за слух, говор глас – Скопје
- Центар за функционална проценка и поддршка на деца и млади.

*9.6. Соработка со установи за безбедност и социјална грижа*

Целта на соработката со установите за безбедност и социјална грижа е да се зголеми ефективна комуникација и да се развијат механизми на конструктивен дијалог, а во исто време да се намали појавата на малолетничко претстапништво, деликвенција и асоцијално однесување, навремена заштита на учениците од болестите на зависност и стручна помош од надлежни институции за подобрување на социо – емоциналната состојба на учениците. Училиштето соработува со следниве установи:

- Министерство за внатрешни работи (МВР) - СВР Куманово - Сектор за превенција и Општински совет за безбедност во сообраќај
- Министерство за труд и социјална политика (МТСП)
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Куманово
- Народен правобранител

## 10. Следење на имплементација на Развојната програма за работа на Училиштето

| **Приоритетни подрачја за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно/ни лице/а** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| **Учење и настава**<br><br>Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и | Извештаи од извршените набавки<br>Увид во работата на наставниците | Комисија за следење и евалуација на Годишната програма | Наставнички совет, Училишен одбор, Општина Куманово |

| | | | |
|---|---|---|---|
| реализирање на наставата | Увид во постигањата на учениците<br>Анкетен прашалник<br><br>2022 - 2026 | | |
| **Ресурси**<br><br>Подобрување на инфраструктура | Увид во тендерска документација<br>Следење на изведба<br>Извештаи од реализирани активности<br>Редовна контрола на исправноста<br>Увид во Годишните извештаи на училиштето<br><br>2022 - 2026 | Комисија за следење и евалуација на Годишната програма | Наставнички совет, Училишен одбор, Општина Куманово |
| **Управување, раководење и креирање политики**<br><br>Зајакнување на професионални компетенции на наставниот кадар и стручната служба | Извештаи од реализирани обуки и работилници<br>Анкети за наставниците<br>Анкети за ученици<br>Инструменти за набљудување на часови<br>Увид во Годишни извештаи на училиштето<br>Следење на професионалното досие на наставниците и стручните соработници<br><br>2022 - 2026 | Комисија за следење и евалуација на Годишната програма | Наставнички совет, Училишен одбор, Општина Куманово |

## 11. Евалуација на Развојната програма за работа на Училиштето

Евалуацијата на реализацијата на Развојната програма за работа на ООУ „Кочо Рацин“ Куманово во период од 2022-2026 година ќе се врши во текот на целиот развоен период. Евалуацијата ќе ја врши назначената Комисија за следење на реализација на Годишната програма за работа на училиштето, во сорабтка со наставниците, учениците, Советот на родители, Училишниот одбор и локалната заедница. Комисијата ќе го информира Училишниот одбор за извршената евалуација преку годишните извештаи на крајот од секоја учебна година. Исто така, на секои две години училиштето изготвува Самоевалуација преку која истовремено ќе се врши евалуација на Развојната програма за работа на училиштето. Евалуацијата ќе се врши преку: увид во работата на наставниците; увид во постигањата на учениците; увид во соработката со родителит; протоколи за следење на наставни часови и воннаставни активности; дискусии; прашалници; записници; извештаи; интервјуа со наставници, ученици, родители и други субјекти; анкети со наставници, ученици и родители; набљудување на условите за работа. Евалуацијата ќе биде наменета за потребите на училишниот колектив, учениците, Училишниот одбор, Советот на родители, локалната самоуправа, МОН, БРО, ДИЦ и други институции. Добиените податоци од евалуацијата ќе ни покажат до каде сме, што сме оствариле и кои активности како приоритети во идната развојна програма на училиштето треба да ги планираме.

## 12. Заклучок

Врз основа на член 49 став (1), (2) и (3) од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161 од 5.8.2019 година), ООУ „Кочо Рацин“ Куманово ја изготви Развојната програма за работа на училиштето за период од 2022 – 2026 година. Во развојната програма за работа на училиштето земени се во предвид резултатите од Самоевалуација на училиштето 2020 и Самоевалуација на училиштето 2022, советодавната и стручната помош од Бирото за развој на образованието, како и Годишните извештаи за работа на училиштето во претходните 4 учебни години. Беа разгледани сите предности и недостатоци во училиштето, силните и слабите страни во досегашното работење на училиштето, како и пречките во остварувањето на одредени приоритетни подрачја во изминатата Развојна програма на училиштето во периодот од 2018 – 2022 година. Врз основа на целата оваа документација, се изработи SWOT анализата. Комисијата за изработка на Развојната програма за работа на Училиштето донесе одлука кои статешки цели и приоритетни подрачја ќе се развиваат преку планирани конкретни активности.

*Забелешка: Интегралната евалуација на Училиштето беше спроведена во период 22 до 24.11.2021 година. По насоки од Општина Куманово, годишните програми за работа на училиштата треба да се достават до 01.07.2022 година, поради преведување на јазици на заедниците. До период на изготвување на Развојната програма и Годишната програма за работа на Училиштето (втора половина на м. јуни), не е добиен Извештај за

спроведената интегрална евалуација за работата на Училиштето. Со оглед на тоа, можеби ќе има потреба од дополнителни промени и прилагодувања за кои најверојатно ќе се наметне потреба од дополнувања со анекси или пак промени во самата програма.

## 13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на Училиштето

Лидија Пешевска, директор
Сашка Стаменковска, педагог
Владица Наковска, психолог
Кети Б. Доцевска. психолог
Росица Трајковска, специјален рехабилитатор и едукатор
Биљана Иванаовска, одделенски наставник
Весна Тодоровска, предметен наставник
Бранко Зафировски, претставник од родители

## 14. Користена литература


Закон за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161/19)

„Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште“, Министерство за образование и наука, 2020

„Нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства за основно училиште во Република Северна Македонија“, Биро за развој на образованието - Скопје, 2019 година

„Стратегија за образованието 2018 – 2025 година и Акциски план“, Министератво за образование и наука - Скопје, 2018

Алатки и инструменти за функционална самоевалуација на училиштата- Константин Петковски, Менка К. Михајлова, Елизабета Левеска

Концепција за воннаставни активности во основно образование

Концепција за државно тестирање

Концепција за инклузивно образование

Концепција за основно образование, Биро за развој на образованието - Скопје, 2020 година

Индикатори за квалитет на работата на училиштата од МОН и ДПИ

Самоевалуација, 2020, ООУ „Кочо Рацин“ Куманово

Самоевалуација, 2020, ООУ „Кочо Рацин" Куманово

Програма за развој на училиштето за период од 2018 – 2022 година

Годишна програма за работа на ООУ „Кочо Рацин" Куманово од претходните 4 учебни години

Годишни извештаи за работа на ООУ „ Кочо Рацин" Куманово од претходните 4 учебни години

Монографии на училиштето

Датум — Директор

01.07.2022 г. — Лидија Пешевска

__________________

Претседател на Училишен одбор

Даниел Спировски

__________________